СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/5 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет (Службен весник на РМ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и Службен весник на РСМ бр. 31/20, 39/22), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на 32–рата седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2025 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2025 година се утврдува во износ од 50.000,00 (педесет илјади) денари.

**Член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен пазар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1531/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година, што советот на општина Пехчево го донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/6 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Пехчево на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**
**за 2025 година**

Член 1

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНОСТ | ЗАКОН |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | Почеток на нова буџетска година. | | |
| **Јануари** | Општинските буџетски корисници изготвуваат годишни финансиски планови по квартали за користење на одобрените средства и ги доставуваат до општината.<br>За користење на одобрени средства во даден квартал општинските буџетските корисници доставуваат финансиски план по месеци. | *Општински буџетски корисници* | *Закон за буџети* |
| **Февруари**<br>**15 Февруари**<br>**28 Февруари** | Изготвување на Годишна сметка на Буџетот на општината Достава на Годишната сметка до Советот на општината. Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови. | *Одделение за финансиски прашања*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15 Март**<br>**31 Март** | Советот на општината ја донесува Годишната сметка на Буџетот на општината.Градоначалникот ја доставува усвоената Годишна сметка до Министерството за финансии.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Април**<br>**15 Април**<br>**30 Април** | Изготвување на квартални извештаи за прв квартал од тековната година со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни | *Совет на општина*<br>*Градоначалник*<br>*Министерство за финансии*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| | извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | | |
| **Април-**<br>**Мај** | Подготвување на општински буџетски циркулар од страна на Градоначалникот со образложение за потребните средства и негова достава до општинските буџетски корисници. | *Градоначалник* | |
| **Мај**<br>**15 Мај** | Достава на финансиски планови од страна на општинските буџетски корисници за користење на вишокот на приходи од претходна година и анализа на реализацијата на приходна и расходна страна на Буџетот на општината со целда се утврди потребата одИзмени и дополнувања на Буџетот – Ребаланс и истиот да биде предложен до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Општински буџетски корисници*<br>*Градоначалник*<br>*Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Јуни**<br>**15 Јуни** | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Јули**<br>**15 Јули**<br>**31 Јули** | Изготвување на квартални извештаи за втор квартал со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Август 15 Август** | Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог пресметки од страна на општинските буџетски корисници и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-Буџет.<br>Градоначалникот ги разгледува новите | *Одделение за финансиски прашања*<br>*Градоначалник*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| | барања и предлози и по нив одлучува и дава насоки.Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | | |
| **15 Септември**<br>**30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Општински буџетски корисници* | *Закон за буџети Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Октомври 15 Октомври** | Градоначалникот и вработените во одделенијата се состануваат за да ги одредат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-Годишните програми за реализација во наредната година.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Градоначалник, Раководители на одделенија Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Октомври** | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Октомври 20 Октомври** | Се изготвува и доставува Предлог-план на програми за развој до Советот на општината. | *Раководители на одделенија, Градоначалник* | *Закон за буџети* |
| **Октомври 31 Октомври** | Изготвување квартални извештаи за трет квартал со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување. | *Совет на општина Градоначалник* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Ноември 15 Ноември** | Се донесува Планот на програми за развој и доколку има потреба Градоначалникот предлага до Советот на општината Измени и дополнувања на Буџетот – Ребаланс.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општината Општински буџетски корисници* | *Закон за буџети Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **Ноември** | Се изготвува Нацрт-Буџет од страна на финансискиот оддел на општината Градоначалникот го разгледува и одобрува Нацрт-Буџетот и се објавува на WEB страната на општината<br>Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани | *Одделение за финансиски прашања Градоначалник Совет на општина Јавна расправа* | |
| **Декември 15 Декември** | Се донесуваат Годишните програми за работа на одделенијата.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | *Совет на општина Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Декември** | Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-Буџет до Советот | *Градоначалник* | |
| **Декември** | Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-Буџет | *Комисија за финансирање и буџет* | |
| **Крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година<br>- Одлука за извршување на Буџетот<br>- Буџетски календар<br>- Одлука за времено финансирање, согласно Законот за финасирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот | *Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Пехчево за 2025 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-1532/1
23.12.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за не определување на паричен надомест за одржана седница на членовите на управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не определување на паричен надомест за одржана седница на членовите на управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/7
23.12.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24), член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за не определување на паричен надомест за одржана седница на членовите на управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не дава согласност за цената за паричен надомест за дневница на членовите на управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево.

**Член 2**

Точката ќе се разгледува на наредната седница на совет, во присуство на директорот на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1533/1
23.12.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на времено користење на движна ствар (две маси за играње на пинг-понг) на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на времено користење на движна ствар (две маси за играње на пинг-понг) на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/8 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење на движна ствар (две маси за играње на пинг-понг) на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на времено користење движна ствар, (две маси за играње на пинг-понг) на ООУ Ванчо Китанов Пехчево.

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на користење без надомест на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, за временски период од 7 (седум) години.

**Член 3**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево во рок од 3 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од Движната ствар, (две маси за играње на пинг-понг), истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1534/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/9 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 год.

**Член 2**

Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 год. бр. 01-621/1 од 19.11.2024 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1535/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

***Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" -Пехчево***

***ОД 01-01-2024 до 30-09-2024 година***

*ЈКП "Комуналец" Пехчево ул Јулија Веселинска бр.40*
*email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com*

ВОВЕД

Анализата на финансиките извештаи има за цел да ја процени ефикасноста и перформансите на претпријатието, да ги потенцира слабостите и силните страни на работењето и да направи прогноза на идните перспективи на работењето на претпријатието. Главна цел е обезбедување на корисни информации за корисниците на финансиските извештаи да им помогне да се предвиди годишната финансиска состојба и резултатите од работењето во идните периоди. Секој извештај содржи показатели од тековната година, споредени со истиот период претходната година.
Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.
За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат реална слика за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Пехчево во овие девет месеци.

***1 2 Приходи***

| **ВИД НА ПРИХОД** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Пехчево | 2.501.912 | 2.399.023 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Робово | 281.720 | 255.626 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Умлена | 217.914 | 194.327 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Чифлик | 220.005 | 191.811 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Негрево | 204.425 | 113.332 |
| Производство и дистрибуција на вода правни лица | 1.015.863 | 1.306.306 |
| Производство и дистрибуција на вода штали | 170.401 | 133.589 |
| Приходи од месечен фиксен надоместок | 754.460 | 753.106 |
| Приходи од канализација физ. лица Пехчево | 1.049.887 | 1.034.450 |
| Приходи од канализација физ. лица Робово | 96.807 | 92.153 |
| Приходи од канализација физ. лица Умлена | 88.662 | 80.067 |
| Приходи од канализација правни лица | 245.764 | 236.031 |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од делови и поправки на водов. и канал. мрежа | 149.370 | 51.800 |
| Приходи од нови приклучоци вода и канализација | 29.000 | 36.042 |
| Приходи од обновување приклучоци | 17.000 | 6.140 |
| **Вкупно приходи од водовод и канализација** | **7.043.190** | **6.883.803** |

| | | |
|---|---|---|
| Отпремување на отпад физ. лица Пехчево | 1.355.240 | 1.365.780 |
| Отпремување на отпад физ. лица Робово | 92.400 | 93.120 |
| Отпремување на отпад физ. лица Умлена | 86.640 | 84.960 |
| Отпремување на отпад физ. лица Чифлик | 79.140 | 79.980 |
| Отпремување на отпад физ. лица Негрево | 26.640 | 26.760 |
| Отпремување на отпад физ.лица Панчарево | 77.100 | 84.765 |
| Отпремување на отпад физ. лица Црник | 192.600 | / |
| Отпремување на отпад правни лица | 1.051.786 | 1.057.728 |
| Отпремување на отпад физ.лица Равна Река | 66.305 | 28.572 |
| **Вкупно приходи од отпремување на отпад** | **3.027.851** | **2.821.665** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од одржување на гробишта | 463.120 | 461.440 |
| Приходи од продажба на гробно место | 90.600 | 224.920 |
| Приходи од издавање на Одобрение за погреб | 3.400 | 4.800 |
| Приходи од Оператор на гробишта | 19.600 | 18.200 |
| Приходи од каменорезач на гробишта | 30.000 | 8.000 |
| **Вкупно приходи од гробишта** | **606.720** | **717.360** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од ЈЦБ | 614.266 | 434.805 |
| Приходи од трактор, хилта и др | 9.600 | 600 |
| **Вкупно приходи од механизација** | **623.866** | **435.405** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од Договор за одржување паркови и зеленило со Општина Пехчево | 272.115 | 340.144 |
| Приходи од Договор за одржување јавна чистота со Општина Пехчево | 413.515 | 470.905 |
| **Приходи од паркови и зел. и јавна чистота** | **685.630** | **811.050** |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од нотарски реш.,извршување и судење | 45.305 | 82.903 |
| Приходи од пазаришни тезги и резервации | 101.842 | 127.850 |
| Приходи од Договор за зимско одржување со Општина Пехчево | 76.290 | 27.810 |
| Останати приходи од работењето | 22.861 | 54.325 |
| **Вкупно останати приходи** | **246.298** | **292.887** |
| **ЗБИР НА ПРИХОДИ** | **12.233.555** | **11.962.170** |

Од прегледот на приходите по одделенија детално може да се види структурата на приходите за 2024 и 2023 година одделно по ставки.
Во 2024 година имаме зголемување на приходите од вода и канализација кај физичките лица, а намалување на приходите од вода од правни лица што се должи на намалената потрошувачка на вода од страна на најголемиот потрошувач во Пехчево. Поради честите дефекти во 2024 година, зголемени се приходите од сервисирање на истите.

Кај приходите од отпремување со отпад имаме зголемување во однос на ланската година, а е резултат на вршењето на услугата собирање и транспортирање на отпад и фактурирање за истата во село Црник и Туристичката населба Равна Река.

Приходите од механизација се зголемени во 2024 година во однос на 2023 година, поради поголемиот број на извршени услуги со скипот ЈЦБ.

***1 3 Трошоци***

| ВИД НА ТРОШОЦИ | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Плати филтер станица | 2.227.294 | 2.047.085 |
| Плати водоинсталатери | 1.222.979 | 1.124.817 |
| Плата за електричар | / | 201.071 |
| Електрична енергија филтер станица | 427.492 | 338.151 |
| Трошоци за телевизија | 3.000 | 3.222 |
| Сервисирање и баждарење водомери | 1.471 | 980 |
| Трош.за испитување на водата | 79.400 | 100.000 |
| Трошоци за водоводни делови | 31.254 | 28.932 |
| Трош.за хлор и др хемикалии | 146.670 | 155.227 |
| Регрес за годишен одмор | 80.000 | 80.000 |
| ХТЗ опрема | 36.192 | 35.550 |
| **I - Вкупни трошоци водовод и канализација** | 4.255.752 | 4.115.035 |

| | | |
|---|---|---|
| Плати- изнесув.на отпад | 1.549.553 | 1.326.577 |
| Трошоци за нафта | 240.434 | 166.741 |
| Трошок за нафта трактори | 32.187 | 30.911 |
| Регрес за годишен одмор | 40.000 | 40.000 |
| Резервни делови за камион за ѓубре Атего | 12.120 | 440.880 |
| ХТЗ опрема | 18.096 | 20.000 |
| Дозвола за отпад | / | 9.000 |
| **II – Вкупни трошоци за собирање и изнесување на отпад** | 1.892.390 | 2.034.109 |

| | | |
|---|---|---|
| Плата за возачи на машини | 495.893 | 418.091 |
| Трошок за нафта ЈЦБ | 135.120 | 149.010 |
| Трошок за нафта сопствени возила | 46.219 | 57.052 |
| Трошок за гориво ( Лади, плин и др) | 40.538 | 57.125 |
| Трошок за гориво косачки | 4.650 | 9.177 |
| Регистрација и осигурување на возила | 23.414 | 13.086 |
| Делови за возила, заварување,сервис на возила | 61.890 | 21.100 |
| Трошоци за резервни делови Лади | 14.016 | 1.150 |
| Трошоци за резервни делови ЈЦБ | 1.000 | 47.624 |
| Трошоци за уље и филтри | 33.681 | 10.298 |
| Регрес за годишен одмор | 10.000 | 10.000 |
| ХТЗ опрема | 4.524 | 4.000 |
| **III - Вкупни трошоци за механизација** | 870.945 | 797.713 |

| | | |
|---|---|---|
| Плати за вработени паркови и зеленило и ј.ч | 867.014 | 546.073 |
| Регрес за годишен одмор | 20.000 | 40.000 |
| Трошоци за цвеќиња и алат | 31.655 | 25.002 |
| ХТЗ опрема | 13.572 | 12.000 |
| **IV - Трошоци за паркови и зеленило, јавна чистота** | **932.241** | **623.075** |

| | | |
|---|---|---|
| Плата за вработен на гробишта | / | 338.024 |
| Обештетување за погреб | 77.000 | 77.000 |
| ХТЗ опрема | / | 4.000 |
| **V- Трошоци поврзани со погребално** | **77.000** | **419.024** |

| | | |
|---|---|---|
| Плати за управа | 2.903.424 | 2.701.480 |
| Регрес за годишен одмор | 60.000 | 50.000 |
| Дневници за УО и НО | 18.000 | 45.867 |
| ХТЗ Опрема | 9.048 | 5.000 |
| **VI – Трошоци за управа** | **2.990.472** | **2.802.347** |

| | | |
|---|---|---|
| Електр.енерг канцеларии | 12.900 | 19.736 |
| Канцелариски материј. и фотокопирање | 39.546 | 52.242 |
| Поштенски услуги и карго | 11.372 | 15.780 |
| Фиксни, мобилни и интернет услуги | 68.860 | 60.926 |
| Трошоци за службени патувања | | 19.527 |
| Весници, списанија стручно образование | 32.720 | 34.183 |
| Трошоци за објавување на оглас | 28.806 | 14.496 |
| Репрезентација , спонзорство и донации | 37.169 | 39.113 |
| Трошоци за осигурување на имот | 24.938 | / |
| Членарини во здруженија,такса,перс.данок | 71.042 | 69.549 |
| Банкарски, агенциски услуги, премии и провизии | 171.569 | 120.968 |
| Камати, казни, пенали | 420.056 | 383.037 |
| Судски трошоци и извршување | | 43.709 |
| Нотарски трошоци | 31.402 | 22.548 |
| Адвокатски трошоци | 18.956 | 130.381 |
| Одржување на софтвер,компјутери и камери | 107.597 | 22.500 |
| Услуги од правни лица | 64.814 | 58.004 |
| Услуги по Договор на дело | 81.400 | 120.217 |
| Одржување на хигиена и хиг.средства | 26.454 | 36.519 |
| Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб) | 139.153 | 181.505 |
| Систематски и здравствени прегледи на вработени | / | 25.000 |
| Здравствени услуги на вработените | 5.000 | / |
| Градежни материјали | 28.597 | 14.122 |
| Останати трошоци, ситен инвентар, и др.материјални трошоци (издатница) | / | 1.925 |
| Обуки на вработени | 9.568 | / |
| Трошок за огревно дрво | 5.250 | / |
| **VII – Вкупни заеднички трошоци** | 1.437.169 | 1.485.988 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни трошоци I+II+III+IV+V+VI+VII** | **12.455.969** | **12.277.291** |

Вкупните трошоци во претпријатието се зголемени, генерално поради порастот на минималната плата на вработените, и нововработени две лица од крајот на јуни 2023 година.

Во трошоците за вода и канализација спаѓаат трошоци за: платите на вработените на филтер станицата, водоинсталатерите, електрична енергија на филтер станица, трошоци за испитување на квалитетот на водата, трошоци за набавка на хлор, алуминиум, вар, водоводни и канализациони делови и тн. Имаме зголемување на трошоците во одделението за вода и канализација во 2024 во однос на 2023 година. Трошоците за плата на електричар ги нема поради промена на работното место од електричар во чувар на филтер станица.

Трошоците за електрична енергија на филтер станицата се зголемени поради зголеменота количина на произведена вода.

Трошоците за собирање и изнесување на отпад се трошоците за: платите за вработените во ова одделение, нафта за камионите за смет, резервни делови за камионот за смет и тн.
Намалени во однос на ланската година се и трошоците за резервни делови на камионот Мерцедес Атего, поради поголем дефект на возилото за собирање на отпад во 2023 година.

Трошоците за механизација се сочинети од плата на Ракувач на градежна машина, трошоци за поправки и одржување на механизацијата, регистрации и осигурување на возила, горива, уље, гуми и тн. Трошоците за плата на возач на машина се зголемени, поради поголемиот ангажман на скипот, поголем број прекувремени часови и т.н.

Трошоците за паркови, зеленило и јавна чистота се зголемени поради двајца нововработени во ова одделение преку Приватна агенција за вработување од крајот на јуни 2023 година.

Трошоци за Управа се трошоци за платите за вработените во управата, членови на Управен и Надзорен одбор, и истите се зголемени во однос на ланската година.

Во заеднички трошоци спаѓаат сите трошоци кои произлегуваат од целокупното работење на претпријатието и е тешко да се определат во кое одделение припаѓаат. Тоа се трошоците за: канцелариски материјали, трошоци од фиксен режим (телефон, интернет), одржување на софтвер, дневници за вработени, репрезентација, електрична енергија за управна зграда, поштенски и карго услуги, членарини, трошоци за стручно усовршување и обуки на вработени, нотарски и адвокатски трошоци, трошоци за здравствени услуги на вработените идр. Овие трошоци се намалени во однос на 2023 година.

Во трошоците за услуги од правни лица спаѓаат трошоците за услуги за одржување на ПП апарати, услуги за дезинфекција, дезинсекција, дератизација, трошоци за документи во Централен Регистар и т.н.

Во трошоците по Договор на дело спаѓаат трошоците за извршени услуги од страна на физички лица кои од страна на ЈКП беа ангажирани за средување на огревно дрво, испумпување на фекална канализација со пумпа, одржување на јавна чистота и т.н.

Трошоците за компјутерско одржување и софтвер се зголемени, бидејќи во 2023 година овие трошоци беа финансирани преку проект.

### *1 4 Процент на наплата*

| ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Физички и правни лица | 94% | 94 % |

### 1.5 Анализа на приходи и трошоци по одделенија

Од сите горенаведени факти, може да се направи анализа на работењето на претпријатието за периодот до месец септември 2024 година по одделенија:

| | Приход | Трошок |
|---|---|---|
| Водовод и канализација | 7.043.190 | 4.255.752 |
| Отпремување со отпад | 3.027.851 | 1.892.390 |
| Гробишта | 606.720 | 77.000 |
| Механизација | 623.866 | 870.945 |
| Управа | / | 2.990.472 |
| Останати - заеднички трош | 246.298 | 1.437.169 |
| Паркови и зеленило | 685.630 | 932.241 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **12.233.555** | **12.455.969** |
| **Загуба(трошок –приход)** | | **222.414** |
| Амортизација | / | 345.990 |
| **Загуба со амортизација** | **/** | **568.404** |

JKП „Комуналец"- Пехчево
Директор
Драгана Вазлиска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/10 Општина Пехчево
23.12.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, бр. 01-636/1 од 28.11.2024 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1536/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите - НКД Рев 2.1 бр. 41 - 324/7 од 06.02.2024 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 35/2024), член 19, член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 89/2022 и 208/2024), член 14 и член 49 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 28.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево**

Член 1

Во Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 484/1 од 19.12.2012, бр. 01-105/1 од 03.02.2015, 01 - 594/1 од 08.10.2015, 01 - 786/1 од 29.12.2015, 02 - 320/1 од 12.05.2016, 01 - 227/3 од 04.05.2018, 01 - 532/1 од 30.09.2020 година, 02-451/3 од 09.05.2022 година и 01 - 801/1 од 12.12.2022 година во член 9 став 1

Во дејноста „37 Отстранување на отпадни води” и „37.00 Отстранување на отпадни води”, зборот „на” се брише.

Дејноста „38 Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад” се менува и гласи: „38 Дејности за собирање, обновување и отстранување на отпадот”.

Во дејноста „38.11 Собирање на безопасен отпад” зборот „на” се брише.

Во дејноста „38.12 Собирање на опасен отпад”, зборот „на” се брише.

Дејноста „38.21 Обработка и отстранување на безопасен отпад” се менува и гласи: „38.21 Обновување материјали од отпадот”.

Дејноста „38.22 Обработка и отстранување на опасен отпад” се менува и гласи: „38.22 Обновување енергија од отпадот”.

Дејноста „43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација” се менува и гласи: „ 43.22 Поставување водоводни и канализациски инсталации и инсталации за греење и клима - уреди”.

Дејноста „43.29 Други градежно - инсталатерски работи” се менува и гласи: „43.24 Други градежни инсталатерски работи”.

Дејноста „43.99 Останати градежни работи неспомнати на друго место” се менува и гласи: „43.99 Други специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место”.

Дејноста „52.29 Останати придружни дејности во превозот” се менува и гласи: „52.26 Други помошни дејности во транспортот”.

Дејноста „81 Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата” се менува и гласи „81 Услуги поврзани со одржување згради и дејности за уредување и одржување на животната средина”.

Дејноста „81.22 Останати дејности на чистење на згради и објекти” се менува и гласи „81.22 Останати дејности на чистење згради и индустриско чистење”.

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

„Управниот одбор на ЈКП Комуналец" - Пехчево се состои од 5 (пет) членови.

Членовите на Управниот одбор ги именува односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

За член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 3 на овој член, членовите на Управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на Управниот одбор со работно искуство од областа на финансиското работење и
- најмалку еден член на Управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

За избор на членови во Управниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општина Пехчево, Советот на општината објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен одбор со времетраење од пет дена, на својата веб -страница и на веб - страницата на јавното претпријатие.

За избор на членови во Управниот одбор на јавното претпријатие, на предлог на Градоначалникот на општината, Советот на општината формира Комисија за селекција составена од:

- претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината;
- еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината и
- еден член и негов заменик, вработени во ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Формата и содржината на повикот, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите ги пропишува министерот за економија и труд.

Постапката за селекција на членови на Управниот одбор се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите, утврдени во повикот, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот.

Комисијата за селекција најдоцна десет дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Комисијата за селекција подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг - листа од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати за членови на Управниот одбор најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата за селекција, донесува одлука за именување на членови во Управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за именување на членови во Управниот одбор на својата веб - страница да ги објават кратките биографии на сите членови на Управниот одбор.

Незадоволните кандидати од изборот за членови во Управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Основачот може да ги разреши сите членови на Управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на Управниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање;
- ако неоправдано отсуствува на седниците на Управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година;
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на Управниот одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на Управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија. Мандатот на ново избраниот член на Управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на Управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на Управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување.

Советот на општината назначува вршители на должност членови на Управен одбор на предлог на Градоначалникот на општината."

Член 3

Членот 17 се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Комуналец" - Пехчево се формира Надзорен одбор за контрола на
материјално - финансиското работење составен од три члена.

За член на Надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги
исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на претпријатието;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во Надзорниот одбор на јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на Надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење и
- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во Надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

За избор на членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општина Пехчево, Советот на општината објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор со времетраење од пет дена, на својата веб - страница и на веб - страницата на јавното претпријатие.

За избор на членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие, на предлог на Градоначалникот на општината, Советот на општината формира Комисија за селекција составена од:

- претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината,
- еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината и
- еден член и негов заменик, вработени во ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Формата и содржината на повикот, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите ги пропишува министерот за економија ни труд.

Постапката за селекција на членови на Надзорниот одбор се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во повикот, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот.

Комисијата за селекција најдоцна десет дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на Надзорниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Комисијата за селекција подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг - листа од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати за членови на Надзорниот одбор најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата за селекција, донесува одлука за именување на членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за именување на членови во Надзорниот одбор на својата веб - страница да ги објават кратките биографии на сите членови на Надзорниот одбор.

Незадоволните кандидати од изборот за членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Основачот може да ги разреши сите членови на Надзорниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на Надзорниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање;
- ако неоправдано отсуствува на седниците на Надзорниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година;
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на Надзорен одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на Надзорниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија.

Мандатот на новоизбраниот член на Надзорниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на Надзорниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на Надзорниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување.

Советот на општината назначува вршители на должност членови на Надзорен одбор на предлог на Градоначалникот на општината.

Заради вршење на работите на контрола Надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на претпријатието. Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор може да присуствуваат на седницата на Управниот одбор. За присуство на седниците им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието ако претходно не добиле позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Претседателот на Надзорниот одбор или доколку Претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на претпријатието.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот за претседателот и членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие".

Член 4

Да се подготви пречистен текст на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки с.р.

28.11.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на**
**стратегија за локален економски развој 2025-2029 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на стратегија за локален економски развој 2025-2029 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/11 Општина Пехчево
23.12.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на стратегија за локален економски развој 2025-2029 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува стратегијата за локален економски развој 2025-2029 година.

**Член 2**

Стратегијата за локален економски развој 2025-2029 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1537/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

*"Со својата природна убавина, здрава животна средина и уникатниот потенцијал за развој на рурален туризам, Пехчево ќе стане динамичен центар за одржлив развој и инвестиции, каде секој жител ќе се чувствува вреднуван, а секој посетител ќе ја доживее магијата на оваа прекрасна општина."*



**Декември 2024 година**

Содржина


Предговор од градоначалникот 106
1. Извршно резиме 106
2. Листа на кратенки 107
3. Вовед во стратегијата **Error! Bookmark not defined.**
4. Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој **Error! Bookmark not defined.**
5. Локална економска анализа 109
5.1 Анализа на локалната економска структура 109
5.2 Локална соработка и вмрежување **Error! Bookmark not defined.**
5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција **Error! Bookmark not defined.**
5.4 Пристап до финансии **Error! Bookmark not defined.**
5.5 Земјиште и инфраструктура **Error! Bookmark not defined.**
5.6 Регулаторна и институционална рамка **Error! Bookmark not defined.**
5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност **Error! Bookmark not defined.**
5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг **Error! Bookmark not defined.**
6. SWOT Анализа **Error! Bookmark not defined.**
7. Визија и стратешки цели **Error! Bookmark not defined.**

8. Акциски план 27

# Предговор од градоначалникот

**Како горд жител и Градоначалник на Општина Пехчево ми претставува огромна чест да го направам Пехчево подобро место за живеење. Свесен сум дека патот кон успехот и подобра иднина на општината за сите е многу тежок и полн со предизвици, но со заедничка работа ќе ги надминеме сите потешкотии за да дојдеме до посакуваниот успех.**

**За подобрување на локалниот економски развој во општината, за подобрување на локалната економија, развој на туризмот, пред се развој на руралниот туризам, работиме на максимална реализација на проекти од сите области, затоа што секој еден граѓанин на Општина Пехчево заслужува да живее во здрава животна средина, да имаме економски силна општина во која идните генерации ќе имаат услови за квалитетно воспитување и образование, соодветна социјална и здравствена заштита за сите, да бидеме препознатливи по културните и спортските достигнувања, да бидеме општина во која ќе има место за секој, без никакви поделби.**

**Само со лична свест и посветеност, кои ги обединуваат мислата, зборот и делото се решааат проблемите на граѓаните и само така можеме да ја придвижиме нашата општина кон својот развој и подем.**

**Нашата општина мора да биде со чекор на европскиот модел на водење на локалните заедници и да биде општина – сервис на граѓаните.**

**Јас како градоначалник, со сите граѓани заеднички ќе работиме за поубаво и попросперитетно Пехчево, и ќе бидеме горди граѓани на Општина Пехчево.**

**Градоначалник на Пехчево**
**Александар Китански**

# 1. Извршно резиме

Општина Пехчево е една од општините кои се вклучени во третата група локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД. Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Плановите / Стратегиите за локален економски развој.

Стратегијата за Локален Економски Развој (ЛЕР) на Општина Пехчево се однесува на петгодишен период (2025 – 2029 година) подготвена според методологијата развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина. Овој стратешки документ е изработен од одговорните лица од одделението за локален економски развој во општината во соработка со претставници од бизнис секторот.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој направена е анализа на локалната економија и изготвена е SWOT анализа на општината. Како главни силни страни се истакнаа: погодни услови и традиција за развој на туризмот, функционална соработка на локалните

засегнати страни преку Локалната Акциска Група (ЛАГ), препознатливост на општината по своето културно-историско наследство и по еколошка средина, погодна за развој на рурален и еко туризам.

Главни слаби страни и предизвици, кои општината ќе треба да ги адресира заради подобрување на локалниот економски развој се недостатокот на стручен кадар, недоволно развиената туристичка понуда, недоволна промоција на туристичките и инвестициските потенцијали, како и недостатокот на основни знаења и вештини за искористување на локалните ресурси.

Визијата на општина Пехчево е со својата природна убавина, здрава животна средина и уникатниот потенцијал за развој на рурален туризам, да ќе стане динамичен центар за одржлив развој и инвестиции, каде секој жител ќе се чувствува вреднуван, а секој посетител ќе ја доживее магијата на оваа прекрасна општина. Визијата се преточува во следниве поставени стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди општината:

- СЦ 1 - Унапредена туристичка, сообраќајна и комунална инфраструктура во руралните населби во општина Пехчево
- СЦ 2 – Збогатена туристичка понуда во областа на руралниот туризам
- СЦ 3 – Зголемена препознатливост на руралните потенцијали, атракции и туристички производи на општината

За остварување на стратешките цели предвидени се бројни активности, со јасни индикатори за мониторинг. За голем дел од активностите алоцирани се потребните финансиски средства преку општинскиот буџет, а останатите ќе бидат обезбедени преку дополнителни извори на финансирање.

# 2. Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **УСАИД** | Американска агенција за меѓународен развој |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **SWOT** | S – strength (предност)<br>W – weaknesses (слабости)<br>O – opportunities (можности)<br>T – threats (закани) |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЛАГ** | Локална акциона група |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЗГ** | Здружение на граѓани |
| **АВРСМ** | Агенција за вработувањена Република Северна Македонија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ИПАРД** | Програмана за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| **ИПА ЦБЦ** | Програма за прекугранична соработка |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| **БРР** | Биро за регионален развој |
| **ЦРИПР** | Центар за развој на Источен плански регион |

## 3. Вовед во стратегијата

Економскиот развој игра клучна улога во напредокот на општина Пехчево. Општината, и покрај своите скромни размери, поседува значителен потенцијал за развој на различни индустрии, особено во областа на земјоделството, туризмот и малите бизниси. Локалниот економски развој е сложен концепт кој опфаќа активности и политики што општината треба да ги спроведе за да го подобри деловното опкружување и да го поттикне економскиот раст на својата територија.

Усогласувањето со современите пазарни текови е невозможно без активно спроведување на локален економски развој. За општина Пехчево, успешната реализација на концептот за локален економски развој подразбира создавање поволни услови за деловни активности и инвестиции. Ова вклучува иновации во секторите на производството, трговијата и услугите, што ќе ја зголеми конкурентноста на општината на регионалната и националната сцена.

За да се постигнат овие цели, општина Пехчево треба да има ажуриран и актуелен План/Стратегија за локален економски развој (ЛЕР), кој ќе служи како водич за спроведување на активностите. Овој план треба да биде интегриран сет на проекти насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите. Иницијативите вклучени во стратегијата треба да се фокусираат на поттикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти кои придонесуваат за унапредување на локалниот и руралниот развој, како и зголемување на меѓуопштинската и меѓународната соработка.

Овој стратегија за ЛЕР на Општина Пехчево за периодот 2025-2029 година е целосно развиен документ, создаден со поддршка и упатства од експерт ангажиран од страна на УСАИД во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, кој има за цел да ја подобри функционалноста на локалната администрација и да ги зајакне капацитетите на општината за спроведување на развојни иницијативи.

Во подготовката на овој документ, покрај вработените од одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и вработените во одделението за ЛЕР, активно беа вклучени и претставници од бизнис секторот и невладиниот сектор. Оваа инклузивност обезбедува еднаква застапеност во консултациите и во процесот на донесување одлуки, исполнувајќи ја мисијата на УСАИД за поголема транспарентност и отчетност на локалните самоуправи.

Искреното учество на граѓаните, бизнисите и други засегнати страни во процесот на создавање на стратегијата е од критична важност, бидејќи овозможува општината да ја идентификува вистинските потреби и приоритети на локалната заедница. Оваа комуникација не само што ќе доведе до подобрување на проектите, туку и ќе создаде чувство на припадност и одговорност кај жителите на Пехчево.

## 4. Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) на општина Пехчево е создадена во согласност со методологијата развиена од проектот "Градоначалници за економски раст" (M4EG), финансиран од Европската унија и имплементиран во држави како што се Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина. Овој проект има за цел да ја поттикне економската динамика во локалните заедници преку спроведување на практични и ефективни стратегии за развој.

Клучната карактеристика на оваа методологија е нејзината основа на неколку структурни елементи, кои служат за темелна анализа на локалната економија;:

- Локалната соработка и вмрежување: Ова е основа за создавање силни и функционални врски помеѓу различни актери во економијата, вклучувајќи бизниси, локални власти и граѓански организации.

- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција: Создавање на поволно бизнис опкружување кое е ослободено од корупција е клучно за зголемување на довербата на инвеститорите и поддршка на локалните компании.
- Регулаторна и институционална рамка: Овие механизми се важни за обезбедување на правични и ефикасни процеси за одобрување и спроведување на проекти.
- Пристап до финансии: Обезбедување на достапни финансиски ресурси за локалните бизниси е од суштинско значење за нивниот раст и развој.
- Земјиште и инфраструктура: Правилното управување со земјиштето и развојот на инфраструктурата создава услови за привлекување нови инвестиции.
- Вештини, човечки ресурси и инклузивност: Развојот на вештини и човечки ресурси е клучен за подобрување на конкурентноста на работната сила.
- Надворешното позиционирање и маркетинг: Стратегиите за промоција на локалната економија и ресурси се важни за привлекување на туристи и инвеститори.

Друга важна особеност на методологијата е акцентот на активно учество на сите засегнати страни, и фокусирање исклучиво на економскиот развој, додека културните, здравствените, социјалните и други аспекти на развојот не се опфатени. Методологијата предвидува изработка на јасен, концизен и практичен документ, во кој се дефинирани реални и изводливи активности кои ќе придонесат за остварување на целите и визијата на општината.

Подготовката на Стратегијата за локален економски развој на Општина Пехчево за периодот 2025 – 2029 година беше предводена од четири дводневни работилници организирани од УСАИД во текот на 2023 – 2024 година. На овие работилници, учесниците на практичен начин работеа на развојот на основните елементи на овој стратешки документ, вклучувајќи анализи, приоритети и акциони планови.
Во процесот на создавање на овој документ бизнис заедницата беше контактирана преку организирање на индивидуални средби и мали групни состаноци, на кои претставниците на локалните компании го изнесоа своето мислење и учествуваа со предлози за креирање на визијата, стратешките цели и планот за активности.

# 3. Локална економска анализа

## 3.1 Анализа на локалната економска структура

Општина Пехчево го зафаќа најисточниот дел од Република Северна Македонија и претставува составен дел на поширокиот регион Малеш, кој специфична географска целина, опколена од Влаина Планина на исток, Плачковица на запад, Малешевските Планини на југ, и регионот на Пијанец на север. Со надморска височина што се движи од 750 до 1050 метри, овој регион се истакнува по својата морфолошко-дијалектичка, етнолошка и културна особеност, што го прави особено интересен за истражување.
Територијата на Општина Пехчево опфаќа 206,88 км² и вклучува седум населени места, од кои едно е урбано (градот Пехчево, во кој се наоѓа и седиштето на општината), а останатите шест се рурални населени места. Урбаниот опфат на градот зафаќа 172,84 хектари, додека руралните области на селата Умлена, Робово, Чифлик, Негрево, Панчарево и Црник опфаќаат 250 хектари.
Со својата природна убавина и културно наследство, Општина Пехчево се позиционира како значајна дестинација за развој на руралниот туризам и економски раст, што дополнително ја зајакнува нејзината улога во регионот.






И покрај својата лоцираност надвор од главните патни магистрали, општината е добро поврзана со внатрешноста на државата и со останатите административни, стопански и културни центри преку два регионални патни правци: Р-527 Берово-Виница-Кочани и Р-523 Делчево-Пехчево-Берово-Струмица.

Општината е оддалечена 170 км од Скопје, што подразбира околу 2 часа возење. Со подобрувањето на патната инфраструктура во Источниот плански регион, особено со изградбата на Брзиот магистрален пат Штип – Кочани и Автопатот Штип – Миладиновци, поврзаноста на Пехчево со главниот град стана многу подобра. Ова овозможува побрзо пристапување до важни локации, како што се аеродромот "Александар Велики", Меѓународната автобуска станица и Железничката станица во Скопје, што има позитивно влијание на достапноста на Пехчево за туристи од странство, зголемувајќи ја атрактивноста на регионот.

Изградбата на меѓународниот патен правец Пехчево-Симитли (Република Бугарија), ќе ја подобри комуникацијата со соседните држави, но и со Турција и земјите од Мала Азија. Оваа нова врска ќе отвори нови можности за трговија и соработка, дополнително зајакнувајќи го статусот на Пехчево како важна транзитна точка.

Во последните десет години економската структура на општина Пехчево е драстично променета во однос на тоа дека во минатото текстилната и дрвната индустрија како и земјоделството и сточарството беа капацитети кои вработуваа голем број на луѓе.

Текстилниот, градежниот сектор, дрвната индустрија и дел од услугите на населението се во постојано опаѓање. Текстилниот сектор во последните 10 години од втор водечки во општината речиси е пред изумирање, односно се затворија неколку текстилни фабрики, а останаа уште многу малку со мал број на вработени. Градежниот сектор исто така е во опаѓање.

Според моменталната ситуација во општина Пехчево, најзастапени деловни субјекти се од следните сектори: дрвна индустрија, текстилна индустрија но, многу минимално развиена, земјоделство и сточарство.

**Табела: Активни деловни субјекти по сектори на дејност по општини, по години, состојба 31 декмври 2020 година**

| | **2020** |
|---|---|
| **Пехчево** | **144** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 27 |
| Рударство и вадење на камен | 0 |
| Преработувачка индустрија | 28 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0 |
| Градежништво | 4 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 35 |
| Транспорт и складирање | 12 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 9 |
| Информации и комуникации | 1 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 0 |
| Стручни, научни и технички дејности | 3 |
| Административни и помошни услужни дејности | 3 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 |
| Образование | 1 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 9 |
| Уметност, забава и рекреација | 3 |
| Други услужни дејности | 7 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи | 0 |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | 0 |

**Табела: Анализа на локалната екномоска структура – презентирање на компаниите од приватниот сектор - 2020**

| *Вид на економска активност* | *Број компании* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *Микро* | *Мали* | *Средни* | *Големи* |
| *Индустриско производство* | / | / | 3 | 3 |
| *Земјоделство* | / | 24 | / | / |
| *Преработувачка индустрија* | / | / | 28 | / |
| *Трговија* | / | / | 35 | / |
| *Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издаваштво, односи со јавноста (PR)* | / | / | / | / |
| *Финансиски услуги* | / | / | / | / |
| *Медицински услуги* | / | 5 | 1 | / |
| *Легални услуги (нотари, адвокати)* | / | / | / | / |
| *Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.)* | / | 7 | / | / |
| *Restaurants, cafes, bars etc.* | / | / | 5 | / |
| *Хотели, хостели, итн..* | / | / | / | / |
| *ИТ услуги* | / | / | / | / |
| *Transport* | / | / | / | 1 |
| *Градежништво* | / | / | 4 | / |
| *Комуникациски услуги* | / | 1 | / | / |
| *Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани)* | / | / | / | / |
| *Управување со отпад* | / | / | 1 | / |
| *Туризам* | / | / | / | / |
| *Културно наследство* | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Индивидуални земјоделци* | / | 14 | / | / |
| *Енергетски сектор-приватни компании кои произведуваат електрична енергија, поставуваат фотоволтаици и др.* | 5 | / | / | / |
| *Социјални претпријатија / Домови за стари лица* | / | / | / | / |

Компаниите кои се истакнуваат во локалната економија по нивната активност и влијание, претставуваат производствени компании за развој на дрвната индустрија. Тие се и најголемите работодавци во општината. Со зголемувањето на интересот за руралниот туризам, угостителските објекти и ресторани, стануваат сè поактивни и привлечни за туристи. Рестораните, кои нудат услуги за туристите и локалните жители, исто така вработуваат одреден број на луѓе, особено во сезоните на зголемено посетување, а свој придонес во вработувањето или подобро кажано самовработувањето даваат локалните продавници и трговски објекти, кои нудат секојдневни производи и услуги. Руралниот туризам има потенцијал да одигра значителна и забележлива улога во локалниот економски развој.

Најефикасни локални компании и компании од соседните општини кои имаат вработено работници од Пехчево според годишниот обрт и најголеми вработувачи на населението од општина Пехчево се ДИК „Фагус“ – Пехчево, Нова Рефрактори – Пехчево, ( сега веќе под друго има но со иста производствена цел ) , Би Груп 18, Амфенол – Кочани, Алпинком – Делчево.

## 5.2 Локална соработка и вмрежување

Локалната соработка и вмрежување играат клучна улога во развојот на општина Пехчево, особено во контекст на релацијата помеѓу градоначалникот и бизнис секторот. Овие динамични односи се основа за изградба на функционална економска средина, која поттикнува иновации, инвестиции и напредок. Средбите на градоначалникот со претставниците на бизнис секторот не само што овозможуваат бизнисите да ги изнесат своите предлози и предизвици, туку и овозможуваат градоначалникот да ги разбере нивните потреби и амбициите. Таквата интеракција помага во идентификување на заедничките цели и создавање стратегиски иницијативи, што води кон подобро планирање на економскиот развој.

Најзначајна платформа за остварување на соработка помеѓу сите локални актери во општината е Локалната акциска група (ЛАГ) Малеш-Пијанец, која е формирана со цел да ги поттикне развојните иницијативи во регионот и да обезбеди инклузивен пристап кон економскиот и социјалниот развој на локалните заедници. Основната цел на ЛАГ е да се создадат поволни услови за одржлив развој на руралните области, промовирање на локалниот економски раст, подобрување на квалитетот на живот и зајакнување на соработката меѓу различни актери во регионот.

ЛАГ Малеш-Пијанец е составен од разнолика група на членови, која вклучува:

- Претставници на локалните власти: Овие членови играат клучна улога во донесувањето на одлуки и насочувањето на развојните иницијативи.
- Бизнис сектор: Локалните претприемачи и компаниите, кои се активни во руралниот развој, туризмот и земјоделството, обезбедуваат практично искуство и знаење.
- Невладини организации: Организации кои работат на полето на социјален развој, едукација и заштита на животната средина, што помага во реализација на проекти од општествен интерес.
- Граѓаните: ЛАГ активно вклучува и локалните жители, што им дава можност да се вклучат во процесот на одлучување и да ја искажат својата визија за развој на заедницата.

Соработката во рамките на Малеш-Пијанец ЛАГ се остварува преку редовни состаноци, работилници и иницијативи на кои членовите разменуваат идеи, споделуваат информации и заеднички развиваат проекти кои се насочени кон остварување на стратегиските цели на ЛАГ. Покрај тоа, ЛАГ го охрабрува активното учество на граѓаните во формулирање на планови и проекти, со што се создава чувството на припадност и заедништво. Примената на принципите на транспарентност и отчетност, како и отворената комуникација, се клучни за успехот на оваа соработка. Со својата работа, Малеш-Пијанец ЛАГ има потенцијал да направи значајно влијание на развојот на општина Пехчево и да ја зголеми конкурентноста и атрактивноста на регионот, создавајќи одржливи решенија за економски и социјален напредок.

### 5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Локалната администрација во Општина Пехчево игра клучна улога во создавањето оперативна средина која е поволна за развој на бизнисот и активно учество на граѓанското општество. Отворен, предвидлив и транспарентен амбиент поттикнува економска активност и создава позитивно влијание врз локалната заедница. Нулта толеранција кон корупцијата, заедно со посветеноста на принципите на добро управување — вклучувајќи учество, инклузивност, отчетност и владеење на правото — се основни предуслови за зголемување на довербата во деловните кругови и општата задоволност на граѓаните.

Општинската администрација во Пехчево, во соработка со други локални засегнати страни, како што се агенцијата за вработување и невладините организации, обезбедува услуги и поддршка на потенцијалните и постоечките бизниси. Овие услуги не се ограничени само на помош во исполнувањето на законските барања, туку и на помагање на претприемачите во навигацијата на пазарот и развојот на нивните идеи. Локалните власти организираат работилници, обуки и информативни сесии за да ги запознаат бизнисите со достапните ресурси, финансирање и можности за развој.

Сепак постои простор за подобрување во задоволување на најчестите потреби на локалните бизниси. На пример претприемачите често се соочуваат со недостаток на информации за финансиски можности, пазарните трендови и поддршка за подобрување на нивниот учинок. Исто така на фирмите им е потребна е поддршка за обука и квалификација на работниците, особено во новите технологии и иновации.

Општина Пехчево настојува да ги идентификува јазовите во обезбедувањето на услуги и да работи на нивно надминување. Според информации собрани од локалните претприемачи, постојат значителни недостатоци во поддршката за иновации и развој на производи, што укажува на потребата за поголема соработка со образовните институции и истражувачките организации.

Со оглед на генерално нискиот претприемнички дух кај локалното население, во општината недостасува и поддршка за развивање на претприемнички вештини и охрабрување на младата популација да започнат сопствен бизнис. Освен недостатокот на институционална поддршка, кај младите е забележителна и недоволна решителност, недостаток на самодоверба, како и страв од неуспех.

Во слична ситуација се наоѓаат и земјоделците, на кои им недостасува знаење за новите модерни начини на зголемување на продуктивноста и користење на нови технологии. Тие немаат капацитет да аплицираат на различни проекти за поддршка на земјоделието, особено не кај оние посложените како што е ИПАРД програмата.

Достапноста и транспарентноста на услугите обезбедени од локалната администрација играат важна улога во успехот на овие иницијативи. Во општината има стремеж за зголемување на транспарентноста во сите сегменти на работењето, а особено во однос на јавните набавки.

5.4 Пристап до финансии

Достапноста и пристапот до финансирање претставуваат значајни предизвици за новите и малите бизниси во Општина Пехчево. Често, недостатокот на финансиски ресурси е главна пречка за развојот на локалната економија, што ја прави оваа тема од клучно значење за иден напредок. Пристапот до финансии е комплексен процес кој вклучува анализа на постојната и идната потреба за финансии, како и на механизмите за обезбедување на истите. Главните учесници во оваа анализа можат да се поделат во три групи:

- Чинители од приватниот сектор: Оваа група вклучува потенцијални и постоечки деловни лица кои можат да обезбедат увид во своите потреби за финансирање и предизвиците со кои се соочуваат. Тие исто така можат да споделат информации за нивните искуства во обидите за добивање на финансии, што може да помогне во идентификување на слабостите во тековниот систем.
- Постоечки финансиски институции и донатори: Банки, кредитни унии и донаторски организации кои можат да понудат различни видови финансирање, вклучувајќи кредити и грантови. Разбирањето на условите, процедурата за аплицирање и специфичните програми што ги нудат овие институции е од суштинско значење за успешното финансирање на бизнисите.
- Локални власти и државни министерства: Овие тела можат да обезбедат поддршка преку различни програми за развој и иницијативи за финансиска помош. Тие исто така можат да понудат важни информации за постоечките фондови и ресурси на национално ниво, како и за механизми за соработка.

Во Општина Пехчево во моментот е присутна само  Комерцијална банка, и банкомат на Стопанска банка со што локалните фирми имаат навремен пристап до финансиски средства.

На национално ниво, постојат повеќе програми за поддршка на приватниот сектор, но локалните бизниси не се доволно запознаени со нив. Една од нив е Фондот за Иновации и Технолошки Развој (ФИТР), кој нуди помош за започнување на нови, иновативни бизниси, со тоа што во последно време не е ефикасен како во претходните години. За земјоделците на располагање е Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија наменет за рурален развој (ИПАРД), со кој се обезбедува финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој, но постоечките капацитети за искористување на овој инструмент се недоволни.

Во табела 3 се наведени главните извори на финансирање на национално кои им стојат на располагање на локалните компании:

**Табела 3: Извори на финансирање на национално ниво**

| Институција/ донатор (вклучително банки и други кредитни институции) | Клиенти кои исполнуваат критериуми/ корисници (за кого се наменети финансиските средства) | Економски сектор/активности | Минимална и максимална сума која е на располагање | Барања за обезбедување (хипотека, итн.) |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанско | Земјоделци | Програма за капитални субевнции за развој на планските региони во областа на земјоделство и | Во завистост од бр. на стоки, големина на обработлива површина, типот на садење и | Јавен повик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | руралниот развој | механизацијата. | |
| Агенција за вработување на РСМ (АВРМ | Мали и средни претпријатија | Сите сектори | Во зависност од повикот | Во зависност од програмата |
| Агенција за финансиска подршка на земјоделското и руралниот развој | Општина Пехчево и регистрирани земјоделци | Развој на јавна инфраструктура во руралните средини. | 10.000.000-20.000.000 денари | Јавен повик |

Според претставниците на локалните фирми, банките освен што имаат сложени бирократски процедури, бараат и превисоко обезбедување за бараниот кредит.

За да се подобри пристапот до финансии во Општина Пехчево, потребно е да се подобри информираноста за финансиските можности. Локалната администрација може да организира информативни сесии и работилници за бизнисите, каде што ќе ги запознаат со можностите за финансирање и процедурите за аплицирање. Покрај тоа потребно е зајакнување на соработката преку создавање на партнерства помеѓу локалните власти, бизнис секторот и финансиските институции со цел развивање на нови иницијативи за финансирање.

5.5 Земјиште и инфраструктура

Општина Пехчево располага со една индустриска зона, позната како Индустриска зона „Чуката". Оваа зона игра важна улога во економскиот развој на општината, создавајќи поволни услови за инвестирање и развој на индустриски активности. Локацијата на „Чуката" е стратешки избрана, овозможувајќи лесен пристап до регионалните патишта и инфраструктура, што ја прави атрактивна за нови бизниси. Дизајнирана е да поддржува различни видови на индустрија, вклучувајќи производствени компании, услуги и логистика. Ова создава можности за вработување на локалните жители и придонесува за зголемување на економската активност во регионот. Со развојот на оваа зона, општина Пехчево може да поттикне малите и средни претпријатија да се инвестираат и да ги искористат предностите на локалната економија.

Дополнително, општината активно работи на подобрување на инфраструктурата во индустриската зона „Чуката", вклучувајќи патната мрежа, електричната и водоводната мрежа, што ја прави привлечно место за инвеститори. Оваа иницијатива е дел од пошироката стратегија за економски развој на општина Пехчево, која има за цел создавање одржливи услови за раст и развој.

Општината располага и со значителни површини на земјоделско земјиште и има одлични климатски услови за производство на препознатливи земјоделски и сточарски производи.

Најголем дел од земјиштето под ораници и бавчи се користи за сеење на житни култури. Доминантни житни култури се пченицата и јачменот. Од градинарските култури доминира компирот и гравот, кои зафаќаат околу 93% од површините под овие култури.

Овоштарството е доста важна земјоделска гранка во Општина Пехчево, иако главно тоа е одлика на земјоделските компании. Најзастапени се овошните растенија, на кои им одговараат климатските карактеристики во општината. Најголема површина ( 205,91ха) се засадени

сливи. Кај индивидуалните земјоделци, доминантни се јаболката,  а на помали површини се застапени оревите и крушите, како и други видови на овошки.
Бизнис инфраструктурата за отпочнување на мал бизнис не е доволно развиена. Освен малите проекти спроведувани од граѓански организации, не постојат институции кои на било каков начин би им давале системска поддршка на младите претприемачи, во првите години на своето постоење, а исто така и веќе постоечките компании, не можат да сметаат на соодветна техничка помош за освојување на нови пазари и воведување на иновации во нивното работење.
Општината не располага со свои простории, кои би им ги давала на новите претприемачи под поволни услови.

5.6 Регулаторна и институционална рамка

Во општина Пехчево, регулаторната и институционалната рамка играат клучна улога во создавањето поволно опкружување за бизнисот и претприемачите. Сепак, многу бизниси и потенцијални инвеститори често се соочуваат со значителни административни бариери и неоправдани правила, кои ги попречуваат во нивните напори да го развијат својот бизнис.
За претставниците на приватниот сектор најзначајни и најсериозни административни проблеми со кои тие се соочуваат се сложените процедури за добивање на дозволи. Локалните компании често мора да поминат низ долг и комплициран процес за да добијат основни дозволи за работа што доведува до непотребни одложувања и дополнителни трошоци.
Друг административен предизвик се нејасните регулативи. Честопати, локалните регулативи не се јасно дефинирани, што создава конфузија меѓу претприемачите, преку  погрешно толкување на законите, што дополнително ги попречува бизнисите да работат согласно со правилата.
Локалните институции понекогаш не реагираат навремено на барањата на бизнисите, што може да биде особено проблематично за новите и малите бизниси кои зависат од брзо донесување одлуки.
Негативното влијание на административните бариери врз локалната економија се манифестира преку:

- Губење на потенцијални инвестиции - Инвеститори можат да се откажат од вложување во општината поради сложените административни процедури и непредвидливоста на локалните регулативи.
- Намалување на економска активност: Малите бизниси може да се откажат од проширување поради страв од компликации во администрацијата, што доведува до стагнација на економскиот раст.
- Намалување на конкурентноста - Кога бизнисите се принудени да поминуваат низ сложени и бавни процедури, тоа ги прави помалку конкурентни на пазарот, каде што за да се опстане неопходно е на брз и  ефикасен начин  да се одговара на барањата на потрошувачите.

Со цел да се справи со овие проблеми, општина Пехчево настојува да ги оптимизира процедурите за добивање на дозволи и лиценци преку дигитализација на процесите и создавање на едношалтерски систем. Исто така потребно е навремено обезбедување на јасни информации за актуелните регулативи и процедури.

5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност

Човечките ресурси се еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Активноста на човечките ресурси ги опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, неактивно население, вработени и невработени лица, стапка на активност, стапка на вработеност, стапка на невработеност и вкупно население од 15 до 65 години. Во општината постои тренд на намалување на бројот на работоспособно население, а бројот на невработени лица се зголемува.

Табела. Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021

| **Работоспособно население вкупно** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Пехчево** | **Возрасна група** | **3506** | **1780** | **1726** |
| | **15-19** | **165** | **88** | **77** |
| | **20-24** | **219** | **112** | **107** |
| | **25-29** | **221** | **134** | **87** |
| | **30-34** | **214** | **123** | **91** |
| | **35-39** | **246** | **132** | **114** |
| | **40-44** | **251** | **133** | **118** |
| | **45-49** | **289** | **145** | **144** |
| | **50-54** | **285** | **140** | **145** |
| | **55-59** | **296** | **158** | **138** |
| | **60-64** | **377** | **192** | **185** |
| | **65+** | **943** | **423** | **520** |
| **Активно население - вкупно** | | | | |
| | | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Пехчево** | **Возрасна група** | **1702** | **978** | **724** |
| | **15-19** | **16** | **13** | **3** |
| | **20-24** | **117** | **75** | **42** |
| | **25-29** | **182** | **112** | **70** |
| | **30-34** | **183** | **105** | **78** |
| | **35-39** | **209** | **112** | **97** |
| | **40-44** | **214** | **118** | **96** |
| | **45-49** | **233** | **121** | **112** |
| | **50-54** | **208** | **111** | **97** |
| | **55-59** | **196** | **113** | **83** |
| | **60-64** | **135** | **93** | **42** |
| | **65+** | **9** | **5** | **4** |
| **Активно население - вработени** | | | | |
| | | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Пехчево** | **Возрасна група** | **1395** | **825** | **570** |
| | **15-19** | **2** | **1** | **1** |
| | **20-24** | **78** | **53** | **25** |
| | **25-29** | **153** | **93** | **60** |
| | **30-34** | **142** | **87** | **55** |
| | **35-39** | **180** | **101** | **79** |
| | **40-44** | **185** | **108** | **77** |
| | **45-49** | **204** | **110** | **94** |
| | **50-54** | **170** | **93** | **77** |
| | **55-59** | **162** | **96** | **66** |
| | **60-64** | **111** | **78** | **33** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 65+ | 8 | 5 | 3 |
| **Активно население - невработени** | | | | |
| | | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Пехчево** | **Возрасна група** | **307** | **153** | **154** |
| | **15-19** | **14** | **12** | **2** |
| | **20-24** | **39** | **22** | **17** |
| | **25-29** | **29** | **19** | **10** |
| | **30-34** | **41** | **18** | **23** |
| | **35-39** | **29** | **11** | **18** |
| | **40-44** | **29** | **10** | **19** |
| | **45-49** | **29** | **11** | **18** |
| | **50-54** | **38** | **18** | **20** |
| | **55-59** | **34** | **17** | **17** |
| | **60-64** | **24** | **15** | **9** |
| | **65+** | **1** | **/** | **1** |
| **Вкупно неактивно население** | | | | |
| | | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Пехчево** | **Возрасна група** | **1743** | **773** | **970** |
| | **15-19** | **142** | **73** | **69** |
| | **20-24** | **98** | **36** | **62** |
| | **25-29** | **33** | **18** | **15** |
| | **30-34** | **25** | **14** | **11** |
| | **35-39** | **33** | **18** | **15** |
| | **40-44** | **31** | **14** | **17** |
| | **45-49** | **50** | **21** | **29** |
| | **50-54** | **67** | **27** | **40** |
| | **55-59** | **92** | **39** | **53** |
| | **60-64** | **239** | **96** | **143** |
| | **65+** | **933** | **417** | **516** |
| **Непознато** | | | | |
| | | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **Пехчево** | **Возрасна група** | **61** | **29** | **32** |
| | **15-19** | **7** | **2** | **5** |
| | **20-24** | **4** | **1** | **3** |
| | **25-29** | **6** | **4** | **2** |
| | **30-34** | **6** | **4** | **2** |
| | **35-39** | **4** | **2** | **2** |
| | **40-44** | **6** | **1** | **5** |
| | **45-49** | **6** | **3** | **3** |
| | **50-54** | **10** | **2** | **8** |
| | **55-59** | **8** | **6** | **2** |
| | **60-64** | **3** | **3** | **/** |
| | **65+** | **1** | **1** | **/** |

Со миграцијата на населението и масовното иселување на младо работоспособно население, многу е тешко да се најдат квалификувани работници во градежниот сектор, а особено во делот на услуги кон населението, кои се екстремно поскапени. Граѓаните тешко можат да дојдат до водоинсталатер, електричар и слично за да завршат одредена работа.

**Табела: Преглед на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.03.2024 година Општина Пехчево**

| Вкупно | Без образование | Непотполно | Основно образование | Средно образование | Више | Високо | Магистри | Доктори | Непознати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | 0 | 0 | 2 | 17 | 2 | 15 | 3 | 0 | 0 |

Најголемиот дел од невработените лица се лица со завршено средно и со високо образование. Исто така има и лица со више или основно образование кои се невработени но со тенденција во иднина овој број се намалува и е мал.

Еден од најгорливите проблеми кај приватниот сектор е неусогласеност на постојниот образовен профил на невработените со потребите на локалната економија.

Недоволната информираност на населението за потребите на пазарот во однос на кадри, со цел да изберат соодветно образование или обука, е една од детектираните слаби страни. Во општината недостасуваат вештини за искористување на потенцијалите за развој на туризам, посебно во однос на услужните дејности. Исто така кај младото население недостасува претприемнички дух и вештини за отпочнување на сопствен бизнис.

5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Регионот на Малеш и Општина Пехчево надалеку се познати по недопрените природни убавини, чистиот воздух, производството на органска храна, археолошките локалитети, културата и традиционалните занаети и заедно со традиционалното гостопримство и љубезност, претпоставуваат идеални можности за развој на Руралниот Туризам.

Пехчево има изградено репутација на живописно место, опколено со големи и длабоки борови шуми, ладни потоци и место каде се дише чист планински воздух. Распослано е на двата брега на Пехчевска Река, под падините на планината Влаина на надморска височина од 1.000 метри.

Иако мало, ова гратче има долга историја. Постанокот на Пехчево според народните преданија и расположливите пишувани документи е поврзан со доаѓањето на Турците на Балканскиот полуостров. За постоењето на оваа старата населба зборуваат и многуте имиња и темелите на старата римска населба во која се топела рудата од околните рудници. Според жителите на Пехчево токму по тие печки населбата го добила името. Се верува дека во близина на Пехчево се наоѓаат темелите на средновековниот книжевен центар Равен, каде што браќата Кирил и Методија ја создале глаголицата, најстарото писмо на Словените.

6. SWOT Анализа

СВОТ анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во некој проект или бизнис потфат. Тоа вклучува одредување на целта на бизнис потфатот или проектот и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта.

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| ▶ Природни ресурси погодни за туризам - Планина Влаина, Врв Кадаица, Копана вода, трла, бачила, водопади, извор на Брегалница, Ајдучки кладенец, Едукативен центар за зачувување на природата – село Негрево | ▶ Недоволна и руинирана општа инфраструктура |
| ▶ Локални атракции - Ченгино кале, Буковик, Вртена скала, Требомир, Црна чешма, Студена вода, Равна река | ▶ Недоволен капацитет на локалното стопанство за поддршка на развојот на руралниот туризам |
| ▶ Ендемски видови на флора и фауна - инсектојадно растение | ▶ Нерегулирани имотно правни односи |
| ▶ Историски и археолошки локалитет | ▶ Некомплетирана техничка документација |
| ▶ Изобилие на билки и шумски плодови | ▶ Недоволна и несоодветна промоција и рекламирање на туристичките атракции (пр. нема туристички инфо центар) |
| ▶ Стари традиционални куќи и други објекти за реставрација | ▶ Руинирани и напуштени бачила |
| ▶ Базична инфраструктура погодна за туризам - патеки за планински велосипедизам, места за кампување, | ▶ Повеќето локални туристички локации и атракции не се соодветно одбележани |
| ▶ Голема застапеност на природни шумски плодови и разновидни и лековити растенија | ▶ Неуредено корито на реката Писа |
| ▶ Здраво и органски произведено јагнешко и јарешко месо | ▶ Недоволен број на сместувачки капацитети |
| ▶ Богат народен фолклор и музичка традиција и наследство кои можат да се изучуваат и промовираат | ▶ Несоодветно менаџирање на ловниот туризам |
| ▶ Изобилство со дивеч, како основа за развој на ловен туризам | ▶ Недоволен интерес и можности за локално финансирање на фолклорот |
| | ▶ Отсуство на мапирање и заштита на подрачјата |
| | ▶ Недоволна промоција на локалните шумски плодови и растенија |
| | ▶ Отсуство на свест за потребата од стандардизација на сместувачките капацитети |
| | ▶ Недоволно развиена туристичка инфраструктура - нема планинарски дом, жичара и друга туристичка опрема, камп |
| | ▶ Недоволно едуцирани граѓаните за рурален туризам |

| Можности | Закани |
|---|---|
| ▶ Растечки тренд на руралниот, активниот и еко туризмот | ▶ Климатски промени |
| ▶ Достапни европски фондови за изградба на патна инфраструктура. | ▶ Недоволен капацитет на националното стопанство за поддршка на развојот на руралниот туризам |

- Постоење на ИПА фондови како потенцијални извори на финансирање на прекугранични проекти
- Постоење на државни фондови за промоција развој на културата
- Постоење на државни фондови за промоција развој на туризмот
- Владина политика за поддршка на земјоделството
- Поволна законска регулатива за воспоставување на Јавно-приватни партнерства
- Пристап до меѓународни донаторски организации

- Нерегулирани имотно правни односи
- Урбанистичката и законската регулатива понекогаш е пречка за развој и инвестиции
- Ниска свест кај граѓаните во РМ за можностите што ги нуди руралниот туризам
- Миграција на младата популација на национално ниво

## 7. Визија и стратешки цели

„ Со својата природна убавина, здрава животна средина и уникатниот потенцијал за развој на рурален туризам, Пехчево ќе стане динамичен центар за одржлив развој и инвестиции, каде секој жител ќе се чувствува вреднуван, а секој посетител ќе ја доживее магијата на оваа прекрасна општина.".

Стратешки цели:

- СЦ 1 - Унапредена туристичка, сообраќајна и комунална инфраструктура во руралните населби во општина Пехчево
- СЦ 2 – Збогатена туристичка понуда во областа на руралниот туризам
- СЦ 3 – Зголемена препознатливост на руралните потенцијали, атракции и туристички производи на општината

## 8. Акциски план

Акцискиот план е еден од најважните делови од Планот за локален економски развој и ги претставува единствените тактики што општинските засегнати страни заеднички ги избираат со цел да ги постигнат поставените цели.
За остварување на трите стратешки цели на општината, идентификувани се повеќе активности, кои се групираат според следниве основни структурни елементи или таканаречени градежни блокови:

- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Локална соработка и вмрежување

Понатаму, активностите се групираат според стратешките цели кои се наведени во претходната глава. Во табела 4 се наведени активностите на Општина Пехчево.

Табела 4: Акциски план

| Градежни блокови | Стратешки цели | Активности | Времетраење | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Туризам | 1.1 Пехчево туристичка дестинација во Источниот регион | 1.1.1 Евиденција и стандардизација на соби за сместување на туристи | 2025-2029 | Сопственици на сместувачки капацитети НВО организации | 150.000,00 денари | Создадени услови за каталогизација, промоција и маркетинг од страна на туристичкото биро реалниот сектор и општината на локално, регионално и меѓународно ниво. | -Подготвен Регистар на домаќинства, куќи, соби по категорија, вклучително и други релевантни податоци за храна и сместување |
| | | 1.1.2. Изработка на промотивен материјал ( плакати, брошури, флаери и видео) за општина Пехчево | 2025-2029 | Компанија за дизајн и печатење,<br><br>Сопственици на ресторанти и сместувачки капацитети | 250.000,00 денари | Изработен рекламен промотивен материјал, брошури, флаер, разгледници и зголемена промоција, електронска врзија на веб | 1000 флаери<br>1 видео спот 2000 разгледници<br>100 мапи со брошури |
| | | 1.1.3 Мапирање, одбележување и реконструкција на велосипедски, пешачки и рекреативни патеки | 2025-2029 | Спортски друштва, невладини организации, проектантски бироа, министерства и донатори | 2.000.000,00 денари | Мапирани, одбележани и реконструирани велосипедски, пешачки и рекреативни патеки | 5 км должина на мапирани патеки и минимум 20% на реконструирани патеки |
| | | 1.1.4 Набавка и поставување на типски бравнари за продажба на локални производи и сувенири | 2025-2029 | Бизнис секторот, донатори | 400.000,00 денари | Поставен бравнари на соодветна локација | Набавени и поставени 2 бравнари ( бараки ) |
| | | 1.1.5 Воспоставување на функционален и оперативен туристичко информативен центар ТИЦ | 2025-2029 | Домаќинства, угостителски објекти и ЕЛС | 500.000,00 денари | Функционален и оперативен ТИЦ | Минимум 10% зголемен број на посетители, број на издадени информации, анкети за посетителите |
| | | 1.1.6 Изработка и анализа за ЈПП проекти од областа на туризмот ( адреналински паркови , туристички развојни зони ) | 2025-2029 | Јавни претпријатија, бизнис сектор и ЕЛС | 400.000,00 денари | Воспоставена соработка сос бизнис секторот и реализирани обуки за ЈПП | 10 одржани средби и вклучени минимум 25 лица |
| | | 1.1.7 Обука на тим во општината за подготовка на проекти по повици и поддршка на бизнис секторот, НВО и земјоделците | 2025-2029 | Консултантска куќа, НВО, Бизнис секоторот и земјоделците | 170.000,00 денари | Обучен ти и поднесени апликации за тековни повици, вклучени партнери и креирани мрежи | 7 обучени лица<br>5 одржани работилнии<br>Минимум 5 поднесени апликации |
| | | 1.1.8 Реконструкција на јавни тоалети | 2025-2029 | ЈКП „Комуналец“ – Пехчево, ЕЛС | 1.000.000,00 денари | Реконструиран јавните тоалети во градот | 1 локација за јавни тоалети во центарот на градот |
| | | 1.1.9 Поставување на урбана опрема во градот и селските населби | 2025-2029 | НВО, ЈКП „Комуналец“ – Пехчево, ЕЛС и донатори | 1.500.000,00 денари | Поставени канти за отпад, клупи, табли и знаци, дтски реквизити и игралишта | Минимум 20 канти за отпад<br>Минимум 1 детско игралиште<br>Минимум 5 нови табли за туристичка промоција |
| **2. Спорт и млади** | | 2.1.1 Поддршка на спортски друштва и здруженија и промоција на спортски туризам | 2025—2029 | ЕЛС ( Општина Пехчево ), Бизнис секторот, Министерство за спорт, спортски асоцијации | 1.500.000,00 денари | Поддршка на спортски друштва и здружнија кои го промовираат Пехчево | Организирање на минимум 6 спортски настани годишно<br>Поддржано 1 спортско друштво ( здружение ) |
| | | 2.1.2 Поддршка на локален совет на млади | 2025-2029 | Општина Пехчево, Совет на Општина Пехчево, Министерство за спорт | 500.000,00 денари | Одржани средби на младите, учество на семенари и обуки, размена во рамки на програмата за средношколци и млади ( ЕРАЗМУС ) | Број на состаноци на годишно ниво<br>Број на млади лица вклучени во обуки<br>Број на лица вклучени во ЕУ проектите |
| | | 2.1.3 Поставување на урбана опрема на локации во Пехчево мапирани од младите | 2025-2029 | Општина Пехчево, Биро за регионален развој, Центар за развој на источен плански регион, Министерство за локална самоуправа | 2.500.000,00 денари | Зголемен број на туристи, подобрен имиџ на општината | Број на туристи<br>Број на поставени канти, клупи, табли |
| | | 2.1.4 Изработка на студија за млади со мерки за спречување на миграција | 2025-2029 | Општина Пехчево, Локален младински совет, Министерство за спорт, донатори | 200.000,00 денари | Усвоена Студија со акциски план од Советот на општината | Одлука за усвојување<br>Број на реализирани активности од планот |
| **3. Култура** | | 3.1.1 Отварање на младински културен | 2025-2029 | Општина Пехчево, Локален младински совет, | 400.000,00 денари | Вклучени млади лица во центарот и креирани активности за реализација | Број на млади<br>Број на организирани настани |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | центар | | Министерство за спорт, Средношколска заедница | | | |
| | | 3.1.2 Организирање на Новогодишен базар на Плоштадот Свети Петар и Павле во Пехчево | 2025-2029 | Општина Пехчево, НВО, Бизнис сектор | 1.000.000,00 денари | Зголемен број на посетители, подобрен имиџ на општината | Број на гости<br>Број на штандови<br>Број на учесници на настанот |
| | | 3.1.3 Организирање на театарски претстави и изложби | 2025-2029 | Дом на културата – Пехчево, Општина Пехчево, Образовни институции, Министерство за култура и туризам | 350.000,00 денари | Проширена програма за култура, организирани настани од различни области, креирање на вредности | Број на настани<br>Број на посетители<br>Број на вклучени институции |
| | | 3.1.4 Организирање на тематски конкурси од училиштата и Домот на културата за литературни и ликовни творби | 2025-2029 | Дом на култура „Јане Сандански“- Пехчево, Општина Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево | 400.000,00 денри | Доделени награди на ученици и граѓани и зголемен број на културни настани во општината | Број на конкурси<br>Број на ученици<br>Број на награди<br>Висина на доделение средства |
| **4. Бизнис опкружување** | 4.1. Развиени семејни бизниси, производство на локални производи и одржливо управување со природните ресурси | 4.1.1 Организирање на фестивал на дувачки оркестри и етно саем Пехчевски Павловден | 2025-2029 | Општина Пехчево, Министерство за култура и туризам, НВО, бизнис сектор, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2.500.000,00 денари | Зголемен број на посетители и туристи, зголемена туристичка понуда и културни настани | Број на учесници на фестиалот, Број на уметници, број на гости |
| | | 4.1.2 Изработка на план за медиумска промоција на општината | 2025-2029 | Општина Пехчево | 100.000,00 денари | Зголемен имиџ, транспарентност и отчтност | Број на гостувања во емисии на регионални и национални телевизии, број на видео записи, број на прегледи |
| | | 4.1.5 Изработка на каталог на општински имот и објекти | 2025-2029 | Општина Пехчево | 60.000,00 денари | Склучени договори за закуп и продажба на општински имот и објекти | Број на огласи<br>Број на договори<br>Број на издадени објекти<br>Број на склучени договори за купопродажба |
| **5. Рурален развој** | | 5.1.1. Зголемување на информираноста и обезбедување на обуки за користење на ЕУ и ИПА - фондовите | 2025-2029 | Општина Пехчево, СЕП, ЦРИПР, Министерства и НВО | 300.000,00 денари | Зголемен број на одобрени апликации и вклучени институции, бизнис сектор и НВО од општината | Број на потпишани договори, Број на институции/организации<br>Број на обуки |
| | | 5.1.2 Зајакнување на капацитетите на претприемачите од обласста на менаџмент и маркетинг | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЦРИПР, Министерство за економија | 300.000,00 денари | Подобрени управувачките вештини во компаниите, обучени лица | Број на обучени лица<br>Број на реализирани обуки |
| | | 5.1.3 Воспоставување и функционирање на локалниот економски и социјален совет | 2025-2029 | Општина Пехчево, бизнис секторот, институции и НВО | 250.000,00 денари | Нови прдлози и решенија за надминување на потешкотиите справување со проблемите на бизнис заедницата | Број на одржани средба<br>Број на предлози<br>Број на присутни учесници<br>Број на записници<br>Број на објавени статии и информации |
| | | 5.1.4 Искористување на обновливи извори на енергија во руралните средини | 2025-2029 | Општина Пехчево, локални институции, бизнис, фарми и земјоделци | 8.000.000,00 денари | Обезбедување на енергија во руралните подрачја и зачувување на животната средина | - Број на објекти<br>-Број на земјоделски стопанства<br>-Број на сместувачки кашацитети<br>-Број на гости и посетители |
| | | 5.1.5 Креирање на мерки а поддршка на млади претприемачи и жени | 2025-2029 | Општина Пехчево, Министерство за економија, Национална платформа за женско претприемништво, НВО | 300.000,00 денари | Поддржани жени и млади претприемачи за основање и водење на фирми како зголемено учество на управувањето со компоненти од страна на жените | -Број на фирми<br>-Број на жени претприемачи<br>-Број на спроведени обуки<br>-Број на нови работни места |
| | | 5.1.6 Изградба и реконструкција на пристапни патишта до имоти и земјоделски површини | 2025-2029 | Општина Пехчево, МЗШВ | 3.000.000,00 денари | Подобрен пристап до земјоделските стопанства, пдобрени услови за рурален развој, зголемено земјоделско производство | -Должина на изграден пристапен пат<br>-Број на одобрени апликации<br>-Висина на одобрени средства |
| **6. Комунална инфраструктура** | 6.1 Силна инфраструктурна мрежа за зголемување на можностите за инвестирање и | 6.1.1 Реконструкција на постојаните системи и изградба на нова мрежа за водоснабдување | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЈКП „Комуналец“ - Пехчево, МЖСПП, МТВ | 12.000.000 денари | Чиста и здрава вода за пиење со подобрен квалитет на живот на граѓаните во општината | -Должина на изградена и реконструирана мрежа<br>-Број на нови приклучоци |
| | | 6.1.2 Анализа на | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЈКП | 800.000,00 денари | Озготвен предлог проект и финансиска конструкција за | -Техничка документација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одржлив развој | состојбата и предлог – мерки за намалување на загубите во системот за вода со набавка и поствување разни мерни и контролни инструменти | | „Комуналец“ – Пехчево, МЖСПП, МТВ | | намалување на загубите на вода | -Висина на инвестицијата<br>-Број на мерни уреди |
| | | 6.1.3 Изградба, реконструкција и санација на мрежа на атмосферска канализација во градот и населените места | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЈКП „Комуналец“ – Пехчево, МЖСПП, МТВ | 2.000.000,00 денари | Подобрени услови и имиџ со безбедни улици и можност за поплавување на дворови и стопански објекти | -Должина на атмосферска мрежа<br>-Број на улици кои се опфатени<br>-Број на граѓани и домаќинства |
| | | 6.1.4 Реконструкција и изградба на речни корита и канали за одводнување | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЈКП „Комуналец“ – Пехчево, МЖСПП, МТВ, БРР, прекугранична соработка | 15.000.000,00 денари | Одведување на атмосферски води, заштита од поплави и справување со ефектите од климатските промени со заштитени имоти и животи на локалното население и локалните стопанственици | -Број на канали<br>-Должина на канали<br>-Висина на инвестициите<br>-Број на жтети |
| | | 6.1.5 Изградба на пречистителни станици во населените места | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЈКП „Комуналец“ – Пехчево, МЖСПП, МТВ, БРР, прекугранична соработка | 10.000.000,00 денари | Заштита на водите на река Брегалница и притоките, зачувување на животната средина и подобрување на руралниот развој | -Број на пречистителни станици<br>-Број на население<br>-Број на населени места<br>-Количина на пречистена отпадна вода во м3 |
| | | 6.1.6 Реконструкција на градски тоалети | 2025-2029 | Општина Пехчево, ЈКП „Комуналец“ – Пехчево | 600.000,00 денари | Подобрен квалитет на живот и услови за псетителите и туристите | -Број на тоалети<br>-Број на корисници<br>-% на задоволни граѓани |
| **7.Патна инфраструктура** | | 7.1.1 Реконструкција и рехабилитација на постојаните локални патишта | 2025-2029 | Општина Пехчево, МТВ, БРР | 15.000.000,00 денари | Подобрена безбедност и пристапност до населените места и туристичките локации | -Број на локални патишта<br>-Должина на патна мрежа<br>-Број на корисници<br>-%население со подобрен пристап |
| | | 7.1.2 Изградба, реконструкција и рехабилитација на постојаните улици | 2025-2029 | Општина Пехчево, МТВ, БРР, ЦРИПР, АФПЗРР | 30.000.000,00 денари | Подобрена безбедност и пристапност и зголемена сигурност на пешаците и моторните возила како и побрз пристап на возилата за итна интервенција | -Должина на улици<br>-Број на улици<br>-Број на крајни корисници<br>-%на задоволни граѓани |
| | | 7.1.3 Подобрување на постојаната и поставување на нова хоризонтална и вертикална сигнализација | 2025-2029 | Општина Пехчево, БРР, МТВ, ЦРИПР, МВР | 5.000.000,00 денари | Подобрена безбедност и пристапност до населените места и туристички локации | -% на задоволни граѓани и гости – туристи<br>-Број на поставени сигнални знаци |
| | | 7.1.4 Подобрување на осветлувањето на патната инфраструктура (раскрсници, значајни објекти, опасни делници и сл. ) | 2025-2029 | Општина Пехчево, БРР, МТВ, ЦРИПР | 10.000.000,00 денари | Подобрена безбедност и пристапност до населените места и туристичките локации | - % на задоволни граѓани – туристи<br>-број на поставени канделабри<br>-број на осветлени делници |
| | | 7.1.5 Реконструкција и изградба на земјоделски и шумски патишта | 2025-2029 | Општина Пехчево, БРР,, ЦРИПР, МЗШВ, АФПЗРР | 3.500.000,00 денари | Подобра пристапност и заштита на шумските појаси и подобрување на руралниот развој | -Број на патишта<br>-Должина на патна мрежа<br>-Број на земјоделски стопанства |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023-2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023-2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/12 Општина Пехчево
23.12.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година бр.01-298/1 од 06.12.2024 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1538/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на користење движна ствар (канти за отпад) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење движна ствар (канти за отпад) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/13 | Општина Пехчево
23.12.2024 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на користење на движна ствар (канти за отпад) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на користење движна ствар, (канти за отпад) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево и тоа:

Канта од 120 литри (жолта боја) = 37 парчиња

Канта од 120 литри (сина боја) = 38 парчиња

Осовини за тркала = 75 парчиња

Тркала за канти = 150 бр

Чеп за испуст (спојка за канта – нипла 75 парчиња; штопна со навој за канта – 75 парчиња;

Заштитна гума за капак на канта од 120 литри (75 канти * 20cm) со вкупна должина од 15 метри

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на користење без надомест на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 3**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во рок од 3 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1539/1
23.12.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/14 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24), член 13 од Законот за библиотеките (Сл.Весник на Р.М бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и Сл.Весник на РСМ бр. 122/21) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево**

**Член 1**

Јасмина Пандова се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево поради истек на мандат;

Ирена Тодоровска се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево поради истек на мандат;

За нови членови на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево се именуваат:
Елица Јовевска – Пехчево
Магдалена Симовска – Пехчево

**Член 2**

Членовите на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево се именуваат за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1540/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/15
23.12.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2024 година бр.0302-60/1 од 12.12.2024 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1541/1
23.12.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**Извештај за работа**
**На Општинска установа – Матичбна библиотека**
**„Кочо Рацин“ – Пехчево 2024**

## ВОВЕД

Градската библиотека во Пехчево го носи името според познатиот македонски поет и револуционер Кочо Рацин. Се наоѓа во центарот на градот и опфаќа површина од 100м2.

Во книгата „Из разних крајева“ од Сима Матавуљ постои податок дека во Пехчево се ширела културата преку библиотечната дејност многу одамна, за што говори фактот во споменатата книга каде што е прикажан штембил на кој пишува **„Читаоница пехчевска матица – 20 Април 1924 година“.** Тоа е непобитен факт дека уште од пред **100** години во Пехчево постоела читална во која што зрачела искрата на образованието и културата. Во книгата „Приповетке“ издадена во Белград 1926 година постои штембил на кој пишува „Читаоница пехчевска матица – 30 Октомври 1929 година. Според пописот од 1930 – 1931 година во Вардарска Македонија народни библиотеки и читални се наоѓале во неколку околии и општини, а во Малешевската околија народна библиотека и читална имало само во Пехчевската општина – податок изваден од книгата „Библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни“ од Михајло Ѓеоргиевски.

Во поновата историја односно во 1966 година во Окружниот стопански суд во Штип е донесено решение за регистрирање на Матична библиотека „Кочо Рацин“ со седиште во Пехчево.

Библиотеката како институција од областа на културата успешно делува на полето на популаризација на книгата и на нејзините литературни и општо образовни цели. Во овој изминат период оваа институција преставува респектабилно културно седиште низ кое што многу генерации од различни возрасти се воодушевувале од магичноста на пишуваниот збор и ги правеле првите чекори во своето општо образовно надградување и едукација.

Во библиотеката годишно се зачленуваат околу 150 членови,иако пред години наназад бројката достигнуваше и до 300 членови, а структурата на членовите е различна. Имено најголемиот дел од читателите се ученици од основното и средното образование, како и студенти и тоа околу 80%. Остатокот од 20% се повозрасни читатели кои позајмуваат слободна литература најчесто белетристика за нив, но позајмуваат литература која е наменета и за најмалата популација, за дечињата од предшколска возраст. Има читатели кои не се зачленети, но постојано ја посетуваат библиотеката и го читаат дневниот печат кој редовно се набавува како што е весникот „Вечер“.

Библиотеката иако е мала по површина располага со богат книжен фонд. Поседува литература од најразлични жанрови, задолжителни лектирни изданија од прво одделение па се до четврта година средно образование, како и голем број на белетристика. Со оглед на тоа дека е културна установа по разни поводи организира литературни читања, распишува конкурси од областа на поезија и проза. Прави промоции на книги и други културни збиднувања. Библиотеката е културна институција која била, која е и ќе биде една од светлите точки во Пехчево. Слободно може да се каже дека во нашето мало место каде што изборот за забава, или користењето на слободно време е многу ограничен, библиотеката е една од малкубројните места каде што може корисно да се помине дел од слободното време на граѓаните, а посебно на младата генерација која наоѓа катче за контакт со книгата, или други содржини. Библиотеката како културно средиште допринесува низ контактот со книгите и останатите содржини да се подигне општообразовното, културното и стручното ниво во нашиот град и околината.

Општинска установа – Матична библиотека „Кочо Рацин“ како општинска институција од областа на културата во Општина Пехчево, чија основна дејност е развој на библиотекарството, презентација и овозможување за користење на расположивиот книжен фонд, во својата работа ги вклучува книжевните творци кои ќе бидат интегрирани како креативна сила во промоција на

литературата. Една од најважните функции на библиотеката е популаризација на книгата и читањето, развивањето на свеста и навиките за читање. Од друга страна важно и потребно е родителите да им читаат на децата уште од најрана возраст, при што покрај поминувањето на пријатни моменти во друштво со книгата, се стекнува и навика за читање и љубов кон книгата.

Во последните години библиотеката учествува на разни конкурси каде што има освоено голем број награди (прва, втора, трета, гран-при награда), како во републиката, така и во странство. За своето несебично залагање има добиено Признание од Градоначалник и Совет на Општина Пехчево.

**Зголемување на обемот на библиотечната граѓа**

Секоја година библиотеката го зголемува книжниот фонд, во зависност од финансиските можности. Акцентот го става на лектирните изданија за основците и средношколците. Набавува сликовници за децата од предучилишна возраст. Но, секако не се запоставени и возрасните читатели. Се што е најново од издавачките куќи е достапно во библиотеката. Оваа година набавени се околу 250 книги. Соработуваме со следните издавачки куќи: „Сакам книги“, „Култура“, „Матица македонска“, „Топер“, „Мартина“, „Книгохоличари“ и др.

**Културни активности на библиотеката**

Изминатава 2024 година беше доста плодна и полна со активности за библиотеката „Кочо Рацин“. Континуитетот се задржува со секој изминат месец.

**Јануари –** Месец Јануари го започнавме со набавка на нови наслови од издавачките куќи „Збор“ и „Мартина“ за нашите верни читатели. Во овој месец започнува и новото членство. Годишната членарина изнесува 200,00 денари, а семејната изнесува 300,00 денари. На 22 Јануари се одржа Саем на книга од издавачката куќа „Сакам книги“ која располага со богат книжен фонд, посакувани наслови  и не само за читателската публика, туку и за сите граѓани на територијата на нашата општина. На 26 Јануари во просториите на библиотеката се одржа поетско читање „Поезија и музика на едно место“. За музичкиот дел беше задолжен професорот по музичко Драган Колевски, а за поетскиот дел беа задолжени учениците од основното и средното образование, студентите и возрасните читатели – подржувачи на активностите на библиотеката „Кочо Рацин“. Акцентот се стави на поезијата на роднокрајните автори од Пехчево и Малешевијата, како и други поети од Македонија кои пишуваат поезија за деца и возрасни.

**Февруари** – Во месец Февруари библиотеката реализираше повеќе настани и тоа:

1 Во организација на ОУМБ„Кочо Рацин“ и Организацијата на жените на Пехчево во холот на гимназијата „Ацо Русковски“ во Пехчево се одржа настан наречен „Кулинарско – музички перформанс“. За кулинарскиот дел беа задолжени вредните домаќинки од кои дел се членови на библиотеката, а останатите се членки на ОЖП. За музичкиот дел беше задолжен проф. по музичко образование Драган Колевски, пензионерскиот хор „Малешевска китка“ и младите талентирани гитаристи од музичкото студио „Узунов“.

2 По повод Св.Трифун – празникот на лозарите, виното и грозјето и Св. Валентин – празникот на љубовта во просториите на библиотеката се одржа креативна работилница со учениците од целодневната настава при ООУ„Ванчо Китанов“ под менторство на наставничката Трајанка Беќарска. Учениците имаа за задача на хамер да ги залепат елементите што асоцираат на двата празника, како што се срциња и гроздови.

3 По повод Меѓународниот ден на мајчиниот  јазикот 21 Февруари во библиотеката се одржа настан под мотото „Мојот јазик – тоа сум јас“ со средношколците од  II и IV година при СОУ „Ацо

Русковски“ Берово дисперзирани паралелки во Пехчево под менторство на професорката по македонски јазик Даниела Трнковска. Учениците пишуваа пораки за јазикот на македонски, турски и ромски, но преведуваа и зборови на англиски, германски, француски и шпански јазик. А исто така имаа подготвено и презентација за јазикот.

4 ОУМБ„Кочо Рацин“ учествуваше на републичкиот литературен фестивал за наставници од основното образование во организација на Дом на просветни работници Скопје со наставничката Оливера Кратевска на тема „Јазикот е нашата единствена татковина“која го освои второто место.

**Март** - Во месец Март библиотеката реализираше повеќе активности и тоа:

1 На 7 Март во просториите на библиотеката се одржа креативна работилница на тема: „Честитки за мојата мајка, баба, наставничка“ со учениците од второ одделение под менторство на наставничката Емилија Станоевска, а по повод 8 Март – денот на жената. Со вредните рачиња на дечињата и со помош на тимот библиотекари беа изработени честитки кои беа наменети за нивните мајки, баби, тетки и сл. За нивниот труд беа наградени со скромни подароци од страна на директорката на библиотеката.

2 По повод 8 Март – Ден на жената директорката ги награди жените читателки кои во м. Февруари прочитале повеќе книги, како и жените соработнички кои ги подржуваа активностите на ОУМБ„Кочо Рацин“. Жените читателки и соработнички имаа за задача да напишаат убави мисли за жената.

3 На 20 Март во кафе бар Ким се одржа поетско стихотворување. Се пишуваше поезија од страна на учениците и возрасните. Се читаа и песни од Ацо Шопов и Кочо Рацин. Настанот се организираше по повод Светскиот ден на поезијата, а библиотеката „Кочо Рацин“ веќе 8(осум) години по ред се придржува на кампањата „Плати кафе со поезија“.

4 21 Март е резервиран за одбележување на 4(четири) настани и тоа денот на пролетта, денот на екологијата, денот на поезијата и денот на лицата со Даунов синдром. Нашата библиотека го одбележа денот на пролетта со учениците од второ, трето, петто и шесто одделение цртајќи цртежи на тема „Како ја замислувам пролетта“.

**Април** 1 Светскиот ден на шегата 1 Април се одбележа и во нашата библиотека. Учениците од ООУ„Ванчо Китанов“ од подрачното училиште од с. Панчарево под менторство на наставничката Оливера Кратевска маскирани, насмеани беа гости во нашата библиотека. Секое дете преку цртежи ја претстави својата креација. Се читаа шеговити стихотворенија, се пееја песни, се чувствуваше атмосфера во знакот на шегата. И учениците од шесто одделение беа дел од настанот.

2 Меѓународниот ден на детската литература, или 2 Април – роденденот на данскиот писател Ханс К. Андерсен се слави за да ја инспирира љубовта кон читањето и да го сврти вниманието кон детските книги. По тој повод тимот библиотекари беа во посета кај дечињата од ОЈУДГ„7 Септември“ – голема група под менторство на наставничката Розмарина Мицевска со кои организираа читање на бајката „Грдото пајче“ под мотото „Ајде да растеме во светот на бајките и сказните“. Се реализираше и креативна работилница на тема: „Да ги обоиме Грдото пајче и Убавиот лебед“ и врз основа на цртежите се изработи сликовница.

3 Градската библиотека „Искра“ од Кочани е дел од проектот „Славење на Меѓународниот ден на литературата за деца – Другарувањето со книгите ни е песна“, По тој повод ОУМБ„Кочо Рацин“ учествуваше на Фестивалот на децата, книгата и музиката со учениците Теона Бојчовска, Филип Митровски и Теона Ставров кои се претставија со рецитал „Безгрижно детство за сите“

4 На 11 Април во просториите на библиотеката се одржа промоција на книгата „Пресек“- автобиографски роман на македонската писателка Маја Трајковиќ.

5 Во издание на Општинска установа – Матична библиотека „Кочо Рацин“ во просториите на пензионерскиот дом беше одржана промоција на книгата „Пехчевска фудбалска хроника“ од Никола Михаиловски – поранешен претседател на фудбалскиот клуб „Напредок“- Пехчево.

6 На 16 Април во ЛК„Гоце Делчев“ – Велес се одржа работилница на тема: „Аудиокнигите достапни до читателите“. Како дел од оваа работилница беше и ОУМБ„Кочо Рацин“.

7 Една од програмските активности на библиотеката е и посета на Саемот на книгата во Скопје. Оваа година директорката и студентите беа во посета на саемот и присуствуваа на промоцијата на книгата „Зад маските“ од Ксенија Николова.

8 По повод 23 Април – Светскиот ден на книгата и авторското право во Дом на култура „Крсте Мисирков“ – Свети Николе беше одржан поетски фестивал „Пролет, љубов, смеа“. Библиотеката „Кочо Рацин“ учествуваше на овој фестивал со ученикот Михаил Цековски кој освои 3(трета) награда под менторство на Габриела Костадинова.

9 Причината поради која 23 Април е прогласен за Светски ден на книгата и авторското право е смртта на двајцата великани Сервантес и Шекспир и во нивна чест секоја година на овој ден се подарува книга и цвет. По тој повод во просториите на библиотеката директорката на читателите рекордери им подари книга и цвет во изработка на библиотекарката Јасмина Цековска.

**Мај –** Во месец Мај се одржаа повеќе активности и тоа:

1 На 11 Мај во ООУ„Димитар Миладинов“ во Скопје се одржа поетски фестивал „Ракатки“. Библиотеката „Кочо Рацин“ учествуваше на овој фестивал со ученичката Теона Бојчовска која го освои третото место под менторство на Габриела Костадинова.

2 Општинска установа- Матична библиотека „Кочо Рацин“ со учениците Михаил Цековски од основното и Ева Тодоровска од средното образование учествуваа на манифестацијата „Гоцеви денови“ во Врање Република Србија. На Меѓународниот конкурс на тема „Гоце Делчев – живот и дело“ распишан од страна на ЗГМНЗ„Гоце Делчев“ Пчињски Округ – Врање учениците освоија две втори места во категоријата основци и категоријата средношколци под менторство на Габриела Костадинова која доби Златна плакета за менторство.

3 На 16 и 17 Мај во Дојран се одржа Меѓународна конференција чија тема беше „Примената на вештачката интелегенција во библиотекарството: предизвици и можности во организација на Библиотекарското Здружение на Македонија. На ова конференција учествуваа библиотеки од Македонија, Србија, Хрватска, Турција, Унгарија, Холандија, Бугарија, Косово. Дел од оваа конференција беше и библиотеката „Кочо Рацин“.

4 На 22 Мај во НУУБ„Св Климен Охридски“- Битола се одржа трибина на тема: „Најновите трендови во работењето на хортикултурните библиотеки и примери на добра практика на повеќето библиотеки“, како дел од проектот Хортикултурни библиотеки. ОУМБ„Кочо Рацин“ е дел од тој проект, а директорката на библиотеката имаше свое излагање на трибината за хортикултурни библиотеки.

5 На 28 Мај во библиотеката се одрќа активност под мотото „Весели вежби со разнобојни креди“ со дечињата од средната група при ОЈУДГ„7 Септември“ под менторство на воспитувачката Магдалена Гошевска. Преку слики ја раскажуваа и сликовницата „Црвенкапа“ – подарок за библиотеката, а се запознаа и со начинот и работата на библиотеката.

6 На 29 Мај по повод 1 Јуни – Меѓународниот ден на детето во просториите на библиотеката се одржа едукативна- креативна работилница на која учествуваа деца на возраст од 6 години заедно со родителите. Децата беа поделени во групи и се натпреваруваа во правење кула од пластични чаши со броевите од 1-5. Целта беше да се развие кординација меѓу окото и раката, како и прецизност и способност да се користи доминантната рака. Се натпреваруваа кое побрзо ќе ги препознае и нареди броевите правилно. На крај се натпреваруваа родители и деца во брзо јадење цреши и банани. Победници во играта беа децата.

**Јуни** 1 На 4 Јуни во Врујци во Србија се одржа семинар за стручно усовршување на тема: „Мрежни системи во библиотеката- организациони, програмски и електронски“. На овој стручен собир учествуваа библиотеки од повеќе градови од Србија и само 3 библиотеки од Македонија и тоа Битола, Гостивар и Пехчево. На овој стручен собир свое излагање имаше директорката на библиотеката на тема „Активностите на библиотеката Кочо Рацин со деца од предшколска и ученици од училишна возраст“.
2 На 24 Јуни од страна на Светската поетска асоцијација на чело со претседателот Трендафир Симпетру и потпретседателката Милица Паулус библиотеката „Кочо Рацин“ доби Златна плакета за афирмирање и негување на македонскиот јазик и литература.

**Јули и Август**
Поради користење на годишни одмори библиотеката „Кочо Рацин“ во месеците Јули и Август не организираше настани. Акцентот го стави на набавка на нови наслови од повеќе издавачки куќи како што се „Сакам книги“, „Книгохоличари“, „Матица Македонска“ и издавачка куќа „Збор“.

**Септември**
1 Со започнување на учебната година започнаа и активностите на библиотеката „Кочо Рацин“.Со учениците од седмо одделение во библиотеката се одржа час по македонски јазик. Имаа за задача да ја прочитаат песната „Септемвриски напеви“ од Глигор Поповски, да ја анализираат, да одговорат на прашањата и за секоја строфа да нацртаат слика.
2 На 5 Септември во организација на ОУМБ„Кочо Рацин“ во кафе бар „Ким“ се одржа тралезна маса на тема:„Потребата од постоењето на библиотеките“ со средношколци, студенти и возрасни читатели. Секој од нив даде свои предлози и идеи. А за крај се пишуваа цитати од познати книжевници за поимот „библиотека“.
3 Во организација на Здружението Жар Преспа од Ресен на 28 Септември се одржа детскиот поетски фестивал „Детски гласови“ како дел од манифестацијата „Ресенски јаболкобер 2024“ На овој фестивал учествуваше и нашата библиотека преку учениците Михаил Цековски од основното образование и Ефимија Димитковска од средното образование. Нивните песни се застапени во зборникот „Детски гласови“.

**Октомври**
1 На 1 Октомври во салата при Дом на култура „Јане Сандански“ се одбележа настан со богата културно-уметничка програма по повод големиот јубилеј „100 години постоење на библиотеката „Кочо Рацин“.
2 Секоја година првата седмица од месец Октомври им се посветува на децата. Светската недела на детето е недела кога интензивно се зборува за правата на децата. По тој повод во библиотеката се одржа работилница „Здрава храна за детство без мана“ со големата група дечиња од ОЈУДГ„7 Септември“со воспитувачката Магдалена Гошевска. А, бидејќи едно од правата на децата е да јадат здрава храна, секое од нив направи фигура од овошје.
3 По повод Месец на книгата во просториите на библиотеката се одржа едукативна работилница на тема: „ Добро однесување, или Бон тон“ со дечиња од 5 до 11 години. Преку примери им се објасни што е тоа Бон тон, како треба да се однесуваат на училиште, во библиотека, продавница, дома и сл. Преку кратки видеа имаа можност да дознаат како треба да се однесуваат со постарите во автобус и на улица. А повозрасните деца имаа за задача да ги раскажат сликите од цртежите и да откријат на кој цртеж е претставено доброто однесување.
4 Во месец на книгата реализиравме уште една активност со првачињата од ООУ„Ванчо Китанов“ под менторство на наставничката Биљана Мазарова. Тема на часот беше обработка на книгата

„Грдото пајче“ преку цртежи. Секое дете имаше за задача да го обои цртежот и да раскаже што гледа на него.
5 На 31 Октомври во посета на библиотеката беа учениците од прво одделение под менторство на наставничката Емилија Марковска. Темата на активноста беше поврзана со есента. Им се прочита расказот „Жолта приказна“ им се поставуваа прашања од расказот. Целта беше препознавање на карактеристиките на годишното време есен, како и запознавање и доживување на содржината. На крајот од часот секое дете изработи есенски букет.

**Ноември**

1 Од 5 до 7 Ноември се одржа работилница на тема „Одиме кон зелено“ во организација на НУБ„Св. Климент Охридски“ Скопје со невладината организација за македонско-германско пријателство и соработка- Скопје. Оваа работилница беше насочена кон ИФЛА/ЕНСУЛИБ германско говорно библиотечно вмрежување и улогата на библиотеките во постигнување на целите за одржливост од Агендата 2030 на Обединетите нации. Дел од оваа работилница беше и ОУМБ„Кочо Рацин“.

2 На 14 Ноември во организација на Министерството за европски прашања во соработка со Министерството за култура и туризам се реализираше работилница со панел дискусија на тема:
„Преку културното наследство до развој на туризмот“. Дел од оваа работилница беа и вработените од ОУМБ„Кочо Рацин“-Пехчево.

3 По повод завршувањето на Месец на книгата 15 Ноември во просториите на библиотеката се одржа едукативен час на тема: „Колку го познаваме творештвото на Шопов и Рацин“ со учениците од VI одделение под менторство на наставничката Јулија Велковска. Од страна на библиотекарите им беа подготвени прашања за ликот и делото на Кочо Рацин и Ацо Шопов. Учениците беа поделени во групи. Групата која имаше најмногу точни поени добија книги- како подарок од библиотеката.

4 На 16 Ноември во Велес се одржаа 57 Рацинови средби на кои учествуваа ученици од основните и средните училишта од повеќе градови од Македонија. ОУМБ„Кочо Рацин“ учествуваше на поетскиот фестивал на тема:„Мене и душата ми е црвена“ со Елена Коцева ученичка од гимназијата „Ацо Русковски“, која освои награда во категоријата Пофалени песни под менторство на Габриела Костадинова.

5 19 Ноември е Меѓународен ден на мажите. Од 1999 година се одбележува овој ден со настани кои имаат за цел да се зголеми свеста за проблемите со кои се соочуваат мажите. Месец Ноември е месец во кој се спроведува кампањата насочена кон машката популација. Станува збор за месецот на машкото здравје промовиран како Мовембер. По тој повод во организација на ОУМБ„Кочо Рацин“ и ОЖП во библиотеката се одржа трибина на тема: „Грижете се за вашето здравје“. Предавачи беа доктор Даниела Вуксанова и доктор Нада Симовска кои акцентот го ставија на ракот на простата, рак на тестиси, како и менталното здравје пред читателите и соработниците од машкиот пол.

6 Месец Ноември го заокруживме со набавка на нови наслови од издавачките куќи „Сакам книги“ и „Матица македонска“.

**Декември**

1 По повод 3 Декември – Светскиот ден на лицата со попреченост во библиотерката се одржа настан на тема: „Иако сме различни, сепак сме исти“ со учениците од шесто одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ под менторство на наставничката Јулија Велковска. На зададената тема учениците пишуваа поезија и проза и истата ја презентираа.

2 На 12 Декември во просториите на библиотеката се одржа едукативна работилница со учениците од 3(трето) одделение под менторство на наставничката Ајнура Арнаутова. Децата имаа за задача на приготвените матерјали од страна на библиотекарите за возрастта на која што се да ги

решат зададените задачи и точно да одговорат на поставените прашања. Целта беше да се открие колкаво е нивото на интелегенција на децата од 8 години, колку имаат општи познавања, колку имаат познавање од науката, математиката и македонскиот јазик.

3 До крајот на месец Декември предвидени се уште една работилница со децата од ОЈУДГ„7 Септември“ за изработка на новогодишни украси и еден настан на тема: „Чествувањето на македонските великани Шопов и Рацин“ по повод датумот на нивното раѓање.

ОУ МБ Кочо Рацин Пехчево
Директор
Габриела Костадинова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/16 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година бр. 0302-60/2 од 12.12.2024 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1542/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

**Програма за работа на ОУМБ„Кочо Рацин“ за 2025 година**

Програмата за работа на Општинска установа – Матична библиотека „Кочо Рацин“- Пехчево е законска обврска согласно член 12 став 3 и 4 од Законот за библиотеки (Сл.весник 66/2024, 89/2008, 116/2010, 51/201, член 15 од Статутот на ОУМБ„Кочо Рацин“ и со претходна Одлука на Управен одбор на ОУМБ„Кочо Рацин“ со архивски број 0302-60/1 од 12.12.2024 година ОУМБ„Кочо Рацин“ до Совет на Општина Пехчево ја доставува програмата за работа за 2025 година.

**ВИЗИЈА:**
Библиотеката ја гледам како информациски и вредносен капитал кој ќе му служи на знаењето, мудроста, уметноста, образованието, читањето и пишувањето. Центар со најпогодно опкружување и подршка за креативност, истражувачка работа, учење и забава кој ќе им служи на сите граѓани од Општина Пехчево.

**МИСИЈА**
Да се приближат информациите, знаењето и културата на жителите од општината, да се одговори на потребите и побарувањата на корисниците со избрани, стручно засновани и мрежнби услуги преку кои се поттикнува читањето, придонесува за непристрасно информирање на граѓаните, образованието и културниот живот.
Мисијата на библиотеката во периодот на 2025 година ќе се остварува преку следните стратешки цели:

1) Избор, набавка и организирање на пристап до оригиналните записи на човековата мисла.
2) Стручна обработка на библиотечниот фонд.
3) Подигање на нивото на писменост, како и стручниот и креативен развој на корисниците на библиотечните услуги, како и на самите библиотекари.
4) Обезбедување на лесно достапен и пријатен простор за разновидни кориснички услуги.
5) Употреба на иновативна технологија која овозможува висок степен на продуктивност во работењето.
6) Поттикнување и користење на мрежните извори.
7) Поттикнување на стручна комуникација и соработка со партнерските библиотеки и други образовни институции во регионот и пошироко.
8) Голем број разновидни активности од типот на промоции, литературни читања, конкурси, работилници со дечињата од предшколска возраст и од основното училуиште и сл.

**Во м. Јануари** библиотеката„Кочо Рацин“ во соработка со Организацијата на жени на Пехчево ќе ја организира традиционалната „Кулинарско-поетска вечер“ со богата културна програма и голем број разновидни кулинарски специјалитети подготвени од вештите домаќинки – членови на библиотеката. Во м. Јануари е предвидено да се организира Саем на книга од издавачката куќа „Сакам книги“.

**Во м. Февруари** се предвидува оригами работилница со учениците од основното училиште по повод „Св. Трифун“ и „Св. Ваклентин“. Се планира и одбележување на 21 Февруари со учениците средношколци.

**Во м. Март** ќе се наградуваат читателките кои прочитале најмногу книги во м. Февруари, а по повод 8 Март. По повод 19 Март – Светски ден на ластовичките ќе се организира ликовна работилница со учениците од шесто до деветто одделение. По повод 21 Март – Светскиот ден на поезијата ќе се организира промовирање на кампањата „Плати кафе со поезија“ во кафе бар Ким со љубителите на

поезијата. Предвидено е за денот на театарот 27 Март да се одржи театарска претстава со учениците од седмо одделение во просториите на библиотеката.

**Во м. Април** ќе се организира креативна работилница (изработка на маски) со учениците од трето или четврто одделение по повод Денот на шегата. По повод 2 Април – Светскиот ден на детската литература ОУМБ„Кочо Рацин“ ќе организира литературен конкурс на тема „Другарувањето со книгата ни е песна“ со учениците од ООУ„Ванчо Китанов“.
По повод 8 Април – Светскиот ден на ромите се планира посета на подрачните училиште и градинка и подарување на книги од страна на директорката на библиотеката. На 22 Април по повод Денот на планетата земја се предвидува ликовна работилница со учениците од основното образование. По повод 23 Април – Светскиот ден на книгата и авторското право ќе се организира настан „Наградување на читатели рекордери“. Во Април се предвидува учество на фестивалот „Пролет, љубов, смеа“ во Свети Николе со ученици од основното и средното образование.

**Во м. Мај** ќе се одбележи 4 Април- Светскиот ден на пожарникарите со средба на пожарникарите од Доброволното пожарникарско друштво од Пехчево. Се предвидува и учество на фестивалот „Мајски цвет“ во Кочани со двајца ученици од основното училиште.

**Во м. Јуни** ќе се организира креативна работилница под мотото „Ајде заедно да откриваме нови друштвени игри“ со учениците од второ и трето одделение, а по повод 1 Јуни – Светскиот ден на детето. Се предвидува турнир во шах со учениците од петто и шесто одделение.

**Во м. Јули** ќе се организира натпревар помеѓу ученици од машки и женски пол во брзо јадење на чоколада, а по повод 7 Јули – Светски ден на чоколада.

**Во м. Август** не се предвидени активности поради користење на годишни одмори.
**Во м. Септември** ќе се организира рецитал со ученици од основното училиште по повод 7 Септември – ослободувањето на нашиот град.

**Во м. Октоври** се планира посета во ОЈУДГ„7 Септември“ со децата од големата група по повод „Недела на детето“, ќе се разговара за нивните права и ќе се цртаат цртежи на таа тема. Од 15 Октомври започнува и Месец на книгата и по тој повод ОУМБ„Кочо Рацин“ ќе организира низа активности, како што се креативни работилници, поетски читања и сл и со основците и со средношколците.

**Во м. Ноември** ќе се организира едукативен час во просториите на библиотеката на тема: „Љубезноста и толеранцијата меѓу учениците“ со учениците од шесто одделение, а по повод Светскиот ден на љубезноста и толеранцијата.

**Во м. Декември** ќе се реализираат повеќе настани како што се: 3 Декември – Светскиот ден на децата со попреченост, чествување на поезијата на Шопов и Рацин, како и креативни работилници по повод Нова Година.

И во 2025 година за корисниците на библиотечната читална ќе се обезбеди дневен весник „Вечер“ за љубителите на дневниот печат. Преку целата 2025 година ќе се врши редовно зачленување на читателите. Членскиот влог ќе изнесува 200,00 денари на годишно ниво и 300,00 денари семејна членарина.

**Напомена:** Не секогаш програмата се реализира во целост. Може во текот на годината да дојде и до промена на истата во зависност од тоа колку значајни датуми се заборавени да се вметнат во програмата за годината што следува.

**Пехчево, 2024 година**

**ОУ МБ Кочо Рацин Пехчево**
**Директор**
**Габриела Костадинова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/17 | Општина Пехчево
23.12.2024 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2025 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2025 година.

Член 2

Програмата за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2025 година бр. 03-27/1 од 16.12.2024 година, е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1543/1 | Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

Здружение Доброволно противпожарно друштво
БР. 03-27/1
16.12.2024 год.
Пехчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Примено: 16.12.2024г

| Орг.Ед. | Број | Прилог | Вредн. |
|---|---|---|---|
| 08 | 1499/1 | - | - |

ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО

ПЕХЧЕВО

# П Р О Г Р А М А

## За работа на Доброволното противпожарно друштво ПЕХЧЕВО

**Изработено за Потребите на:**

**-Градоначалник на Општина Пехчево**

**-Совет на Општина Пехчево**

**За 2025 година**

**ПЕХЧЕВО, ДЕКЕМВРИ 2024**

Врз основа на Член 21 став 3 и Член 51 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за пожарникарство (Сл.весник 168 од 21.11.2017 година), во насока за непречено спроведување на предвидените проектните активности, Управниот одбор на Доброволното противпожарно друштво Пехчево на ден 12.12.2024 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## За работа на ДПД Пехчево за 2025 година

**Основни цели и задачи на ДПД Пехчево се :**

- Да ја следи и анализира положбата во Доброволното противпожарникарство и да превзема мерки и унапредување и заштита од пожари во општина Пехчево и РСМ
- Организира трениг сесии и стручни обуки за веќе постоечките членови како и основни обуки за новите членови
- Организира и спроведува работилници за превенција и заштита од пожари и други останати елементарни непогоди со учениците од средните училишта и да ја подигне свеста кај истите за волонтирањето
- Да укаже на потребата и функционирањето на една ваква организицаја на целокупната јавност како општествено одговорна организација
- Го анализира и следи спроведувањето на мерките за заштита од пожари и покренува иницијатива за нивно дополнување и измена;
- Покренува активности на своите членови за спроведување на превентивни и други мерки заради остварување на задачите за заштита од пожари и унапредување на противпожарникарството во целина;
- Работи за вклучување на што поголем број на граѓани, а посебно

младинци во работата на Друштвото

- Развива и покренува активности за заштита од пожари
- Организира советувања, семинари, противпожарни натпревари и други стручни и информативно пропаганди акции од значење за против-пожарството и за ширење на противпожарна култура меѓу граѓаните во Општината
- Во основното и во подрачните училишта како и во предшколските установи врши едукативно-превентивна дејност
- Соработува со локалните власти,претпријатија ,средства за јавно информирање, здруженија и други организации во унапредување на противпожарникарството во заштита од пожари
- Врши и други работи од интерес за своите членови и за развој и афирмација на противпожарникарството и заштита од пожари
- Организира трениг сесии и стручни обуки за веќе постоечките членови како и основни обуки за новите членови

- Општа цел на Годишната програма на ДПД Пехчево е придонес кон унапредување на организацијата со нови практики за тренинг сесии на противпожарните одделенија и подигната јавна свест, преку перманентна едукативна кампања пред образовниот систем и бизнис заедницата, и со редовно настапување преку локалните и националните пишани и електронски медиуми, со што многу кратно ќе се допринесе кон посовесно и поодговорно однесување на целокупното население со опасностите од пожарите, сите останати елементарни непогоди, сообраќајни несреќи. Истата ќе допринесе и во воспоставување на координирана соработка помеѓу релевантните локални, државни чинители и бизнис заедницата за унапредување на работата на ДПД Пехчево на полето на безбедност на целокупната популација и природата. Како фундамент на Програмата е и набавката на противпожарни возила и тоа: навално и возило за технички интервенции, како и разновидна противпожарна опрема (ПП пумпи, агрегат, моторни пили, моторни дувалки, напретњачи, компресор за воздух, набавка на рачен и батериски алат), со што ќе се задоволат првичните потреби од опремување на нашето друштво, за поуспешно настапување на нашите противпожарни единици, при настанување на било кој вид на интервенција. Истотака, потребна е набавка на соодветна противпожарна лично-заштитна опрема (ПП туники, ПП панталони, фул фејс маски, филтри, чизми, кондури и сл.), со која ќе се зголеми личната безбедност на нашето членство при настап на интервенции.

- Генерално очекувано влијание од реализацијата од Годишната програма е подобрена финасиска одрживост на ДПД Пехчево, во насока на реализацијата на сите статутарни и програмски активности предвидени за календарската 2025 година. Придонес кон општествена промена во локалната заедница, вклучувајќи подобра соработка со релевантните локални, државни чинители, образовниот сектор, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор во насока на задоволување на очекувањата на грѓаните кои директно се засегнати од опасностите кои ги носат пожарите, останатите елементарни непогоди, сообраќајните несреќи, како и подобрување и унапредување на видливоста и препознатливоста на организацијата, преку зголемување на капацитетите на нашите членови.

- Краен бенефит од сите активности и продукти кои ќе произлезат од Програмата е целокупната локална заедница, односно луѓето и институциите кои ја сочинуваат.

- Предвидените финансиски средства за реализација на Годишната програма за 2025 година на ДПД Пехчево се прикажани и опишани по ставки и апсолутни броеви во табела.

**Табела: Буџет на ДПД Пехчево за 2025 година**

| Административни трошоци | Време | Број | Износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Канцелариски материјали | Година | 1 | 10000 | **10000** |
| Банкарски провизии | Месец | 12 | 500 | **6000** |
| Средства за одржување на хигиена | Месец | 12 | / | / |
| Сметководител | Месец | 12 | / | / |
| **Вкупно администартивни трошоци** | | | | **16000** |
| **Директни трошоци за реализирање на проектот** | | | | |
| Набавка на навално ПП – возило | број | / | / | / |
| Одржување на пмв комбе Мерцедес вито | година | 1 | 30000 | **30000** |
| Гориво за пмв Мерцедес вито | година | 1 | 20000 | **20000** |
| Регистрација за комбе Мерцедес вито | броја | 1 | 20000 | **20000** |
| Набавка на комуникациаска опрема (токи-воки) | броја | 10 | 3000 | **30000** |
| Регистрација на пп Камион Дениз | броја | 1 | 20000 | **20000** |
| Одржување на пп камион Дениз | броја | 1 | 40000 | **40000** |
| Гориво за пп камион Дениз | броја | 1 | 40000 | **40000** |
| Филтри за фул фејс маска | сет | 30 | 600 | **18000** |
| Фул Фејс маски за шумски пожар | броја | 10 | 3000 | **30000** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Набавка на рачен алат (клучови, штрафцигери, клешти итн) | сет | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф25 | броја | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф52 | броја | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф75 | Броја | / | / | / |
| Набавка на про рачен алат (Лопата, Копач , Метлици и Гребла) | броја | 20 | 500 | **10000** |
| Набавка на батериски рачен алат (штрефалица, светилки) | броја | / | / | / |
| Трошоци за печатење (флаери, брошури и плакати) | | 1 | 10000 | **10000** |
| **Настани и обуки** | броја | | | |
| Работилница "Превенција на шумски пожари" | броја | 1 | 10000 | **10000** |
| Обуки од сертифицирани инструктори и пожарникари | | / | / | / |
| **Вкупно директни трошоци за реализирање на проектот** | | | | **294.000.00** |
| | | | | |

ДПД Пехчево, планира да обезбеди средства во висина од 200.000,00МКД, преку спонзорства и донации од страна на бизнис заедницата и индивидуални и меѓународни донатори.

Со прифаќање на Годишната програма за работа на ДПД Пехчево за 2025 година за буџетирање на активностите, истата ќе се реализираат според утврден план и динамика.

Доколку се одобрени средства во помал обем, ДПД – Пехчево ќе изврши ревидирање на утврдените потреби и динамика на реализирање на програмата.

За добиени финансиските средства од буџетот на општина Пехчево, Друштвото ќе достави наративен и финансиски извештај до советот на општина Пехчево.

Пехчево

12.12.2024

Здружение Доброволно противпожарно друштво Пехчево

М.П.

Претседател на ДПД

Дејан Вазлиски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за определување на приоритет за проектот Изградба на атмосферска канализација за населено место Пехчево (крак 6, 14, 15, 16, 18 и 23), Општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на приоритет за проектот Изградба на атмосферска канализација за населено место Пехчево (крак 6, 14, 15, 16, 18 и 23), Општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/18 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/2024) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), согласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, Советот на Општина Пехчево на 32-ра редовна седница одржана на ден 23.12.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За определување на приоритет за проектот Изградба на атмосферска канализација за населено место Пехчево (крак 6, 14, 15, 16, 18 и 23), Општина Пехчево**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за приоритет на Проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, склучен помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој за проектот:
**1. Изградба на атмосферска канализација за населено место Пехчево (крак 6, 14, 15, 16, 18 и 23), Општина Пехчево**

Член 2

Утврдувањето на овој проект е направен врз основа на приоретизација на стратешки проекти од обласа на водоснабдувањето и одведувањето на отпадните води во Општина Пехчево во рамки на годишните и развојните програми на Општина Пехчево

Член 3

Се задолжува Одделението за локален економски развој на општина Пехчево за спроведување на оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одевдување на урбани води во Општината Пехчево од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

| | |
|---|---|
| Бр.08-1544/1 | Совет на општина Пехчево |
| 23.12.2024 година | Претседател |
| Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/19 Општина Пехчево
23.12.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/2024) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на Општина Пехчево на својата 32-ра седница одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант**

согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот **Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Пехчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Пехчево да го потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска

Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Пехчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Пехчево, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) меѓу Општина Пехчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пехчево”.

Бр.08-1545/1
23.12.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Изјава за исполнување на услови**

СЕ ОБЈАВУВА Изјава за исполнување на услови, што советот на општина Пехчево ја донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/20 — Општина Пехчево
23.12.2024 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/2024) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), согласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, Советот на Општина Пехчево на 32-ра редовна седница оддржана на ден 23.12.2024 година донесе:

**ИЗЈАВА**
**дека Општина Пехчево ги исполнува следните услови**

Општина Пехчево има формирано јавно претпријатие кое има склучено соодветен договор со општината за определената намена за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води кое постои.

ЈКП Комуналец Пехчево ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈКП Комуналец Пехчево со утврдена тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води во Општината Пехчево од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр.08-1546/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за не разрешување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не разрешување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 32-та седница одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр. 09-1549/21
23.12.2024 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2024 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за не разрешување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Душко Миовски не се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево;

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1547/1
23.12.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

## С О Д Р Ж И Н А:


1. Одлука за усвојување на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година _________________ 3;
2. Одлука за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година ________________ 73;
3. Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2025 година ________________________________________________________________ 80;
4. Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2025 година _________ 81;
5. Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2025 година ________________________________________________________________ 82;
6. Заклучок за не определување на паричен надомест за одржана седница на членовите на управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево ________________________________ 87;
7. Одлука за давање на времено користење на движна ствар (две маси за играње на пинг-понг) на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево ______________________________________________ 88;
8. Одлука за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година ________________89;
9. Одлука за усвојување на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево ____________________________97;
10. Одлука за усвојување на стратегија за локален економски развој 2025-2029 година ____ 104;
11. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023-2024 година ________________________________________________ 126;
12. Одлука за давање на користење движна ствар (канти за отпад) на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево ________________________________________________________________ 127;
13. Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево ________________________________________________________________ 129;
14. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2024 година ________________________________________________________________ 130;
15. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година; ________________________________________________________________ 138
16. Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2025 година ______________________________________________________ 142;
17. Одлука за определување на приоритет за проектот Изградба на атмосферска канализација за населено место Пехчево (крак 6, 14, 15, 16, 18 и 23), Општина Пехчево _______________149;
18. Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант ______151;
19. Изјава за исполнување на услови ____________________________________________153;
20. Заклучок за не разрешување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево ________________________________________________________________ 154;